## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Четвртото продолжение на Дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 ноември 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,19 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше госпоѓа Светлана Јакимовска, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Светлана Јакимовска:** Дами и господа пратеници,

Продолжувуваме со Дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Кенан Хасипи, Иван Стоиљковиќ, Христина Рунчева, Борис Стојманов, Јован Манасијевски, Арбен Џафери, Бесим Догани, Мендух Тачи, Али Ахмети, Џеват Адеми, Амди Бајрам, Александар Николовски, Фијат Цановски, Имер Селмани и Радмила Шекеринска ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Точка 16 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад, со Предлог на закон.**

За збор е пријавен и има збор господинот Чинговски Томе, повелете.

**Томе Чинговски:** Благодарам почитувана потпретседателке.

Почитувани колешки и колеги,

После стапувањето во силана Законот за јавна чистота, кога некој би го земал Законот да го чита, ваквите предлог закони или законските решенија, би помислил дека Република Македонија преку ноќ се надмина себе си и според работата на комуналните претпријатија е веќе дел од Европа, односно ќе помисли дека јавните комунални претпријатија се така опремени и средени што на човек би му било најмило да е вработен таму.

Зошто сето ова? Господа, ја направив оваа дигресија на почетокот на мојата дискусија по Предлог законот за кој расправаме, затоа што зад убавиот текст, зад добрата намера што и какви се депониите се задскриваат низа други пробелми кои со овие измени не се ни допираат и се закануваат да ја загрозат остварливоста на она што треба допрва да се реализира. Конкретно, навистина овој законски проект звучи убаво, навистина тој опфаќа една проблематика која мора да се регулира доколку сакаме да ја заштитиме животната средина и природата. Сето тоа, и уште многу други нешта кои се содржани во текстот се добра и потребна работа. Но, какво управување со цврстиот отпад можеме да очекуваме како потребно решение кога финансиската состојба на комуналните претпријатија,нивната опременост, механизација и нејзиното осовременување се толку лоши што во некои средини претставуваат мисловна именка. Замислете си отпадот во нашиот главен град и во другите општини во Република Македонија го собираат основни средства кои се постари и од 30 години.

Лесно е господа ние со закон да предвидиме нешто или да обврземе некоја општинаодносно јавно комунално претпријатие, но какви се реалните можности, каква е опременоста и кои се можностите за нејзино осовременување и модернизирање кој е изворот на потребните средства во услови кога граѓаните се во безизлезна состојба во однос на семејниот и личниот стандард. Не можеме само преку покачувањето на цените на услугите на комуналните претпријатија да ги обезбедуваме потребните средства за тековно работење, развој и инвестиции или нивно вложување. Позната ни е состојбата на претпријатијата од таа сфера, ако не по нешто друго тогаш по барањето на нивните асоцијации да се намали барем ДДВ при набавка на овие основни средства.

Од друга страна, овде во овој закон станува збор за нешто што дава видливи резултати само до колку е успешно извршена работата во сите фази што ги содржи тој процес. Управувањето со цврст отпад не подразбира само прва фаза, односно само собирање на сметот и негово сортирање, односно првично рециклирање. Управувањето со цврст отпад го опфаќа целиот процес се до работата на депониите, што од својата страна значи вклучување на јавниот сектор и на едукација на учениците во училиштата, со нивно директно учество во разни акции и едукации.

Сакам да ви предочам уште еднаш дека без оглед на тоа колку е текстот на овој закон добар, тешко дека ќе ја постигнеме саканата цел со неговото донесување, ако не се реши состојбата со опременоста на комуналните претпријатија. Тука секако спаѓаат и мерките за откупување на отпад, односно оние кои отвоараат вистински депонии и заработуваат од трговијата со отпад или веќе употребувани материјали. Заокружување на целиот процес, управувањето со цврстиот отпад, мислам дека е основно финансиско-кадровско и технолошло зајакнување на комуналните претпријатија, без оглед дали тие ќе останат и натаму јавни или оваа дејност ќе се приватизира преку концесионерство. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За збор е пријавен и има збор господинот Даневски Томе, повелете.

**Томе Даневски:** Благодарам госпоѓо потпретседател.

Почитуван претставник на Влада, почитувани колеги,

Еве веќе втор ден дебатираме по овој закон, според мене многу содржаен и неопходен во овие услови на живеење. Нормално е да имаме различни пристапи и разгледување во однос на одредени законски регулативи.

Јас би сакал на почеток мојот краток пристап во поглед за подршка за донесување на Предлогот на законот за изменување и дополнување на

Законот за управување со отпад да го отпочнам со сегашната состојба во управувањето со комуналниот и друг вид отпад.

Услугите за собирање на отпад генерално се реализирани од страна на комунални претпријатија и не велам дека не е евидентна многу лошата кондициона условеност на основните средства на комуналните претпријатија, меѓутоа, во суштина ова не е закон за основните средства во комуналните претпријатија туку во суштина начинот и пристапот на третирање одредени законски одредби во поглед на отпадните материјали.

Би сакал да го потенцирам и фактот дека околу 70% од граѓаните на Република Македонија се опфатени системски со обезбедување на преземање на нивниот отпад. Значи некаде околу 30% од граѓаните на Република Македонија се изземени од можноста да бидат во позиција на системско оградување, односно складирање на нивниот отпад. Генерално се собира не сепариран комунален и индустриски отпад, како и несепарирани неопасни и опасни фракции од отпад. Одредено сепарирање е забележано од страна на неформален сектор и тоа исклучиво на опрема, односно отпадни материјали кои би биле во функција на нивна купопродажба. На тој начин поединци кои имаат за цел сепарирање односно земање на тој отпаден материјал се во насока на нивно продавање, односно лична заработка. Активностите за преработка и рециклирање на комуналниот отпад се многу ограничени и се без некој организиран пристап, така што не се забележани некои позначајни иницијативи и од единиците на локалната самоуправа во Република Македонија да пристапат кон конкретно организирање во поглед на селектирање, рециклирање и преработка на некои отпадни ресурси, кои повторно би биле вратени во функција на нивно позитивно општествување.

Во насока на потенцирање на актуелните проблеми поврзани со овој закон, секако се и актуелно до сега приличен број регистрирани извршени кражби на отпаден материјал, конкретно на отпаден материјал од обласга на металите. Со можноста во која се евидентира нелегална трговија на вакви отпадни материјали, металите, се продукт на луѓе пред се за лична егзистенција, се ставаат во ситуација да извршат присвојување на такви материјали и на нелегален начин да ги продадат, со што многу неефективно се одразува врз животната средина и во општественото живеење. Многу наши сограѓани реагираат на ваквата ситуација и сметам дека со новите законски одредби ќе се стави одредено канализирање и ќе има контрола на овој пристап на активности.

Предложените измени на законот всушност сметам дека се во насока на надминување на голем дел од лоцираните досегашни ситуации во управувањето со комуналниот и друг вид на отпад. Со доуредувањето на одредени членови од законот се овозможува воведување на регионални шеми за управување со отпадот, како што се: регионалните депонии кои би претставувале регионални центри за постапување со отпадот на меѓуопштинско ниво. Со предложените измени сметам дека е многу значајно да се посочи и начелото на одговорнсот на произведувачаот, односно правните лица кои произведуваат или од друга страна увезуваат предметни материјали кои со своето системско функционирање во општината како краен продукт влијаат на создавање отпаден материјал кој ја загрозува животната средина, на овој начин со вака поставените нови законски регулативи тие ја стекнуваат одговорноста за управувањето на овој отпад и се должни да плаќаат надоместок за нивно постапување. Сметам дека е тоа многу значаен сегмент кој како продукт во општественото живеење ќе има голем удел во зачувување на животната средина.

Би сакал исто така да го спомнам и подобрувањето на правните основи за донесвување подзаконски акти кои се во функција на усогласување со директивите на Европската унија за управување со посебни текови на отпад. Тука еден од тие начини, би го посочил и ова претходното, односно пакувањето и отпад од пакувањето. Тука е многу значаен сегментот на отпадот од електронска и електрична опрема, искористените возила, постапката за горење и согорување на отпадоците и т.н.

Пред да завршам, сакам да ја потенцирам и ситуацијата во која со многу повисоки казни се влијае на воведување построга казна за непоседување на безбедносни кабли. На тој начин ова што претходно го зборував ќе се влијае во директна контрола преку правните лица кои потенцијално се во функција на нелегален откуп на метали и би имала можност државата да врши директна контрола, на тој начин во многукратна ситуација да се намали до сега лошата пракса на откуп, односно претходно крадење на овие метали и на тој начин смтам дека ова ќе биде сегмент кој и текако позитивно ќе влијае во општината.

Сметам дека генерално од овие аспекти, па и со сугестиите од опозицијата која во генерална мера се согласува со вака донесените законски принципи, ние како законодавен дом ќе го донесеме со најголемо мнозинство овој Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад, се со цел заштита на животната средина и на животот на граѓаните. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласа 59 пратеници, сите 59 гласаа за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници, сите 58 гласаа за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на насловот во членот 3 и на ставовите 1 и 3, на членот 3 и на членот 4 за менување на став 3.

Отворам претрес по амандмнот на насловот во член 3 и на ставовите 1 и 3, на членот 3, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за животна средина и просторно планирање, повелете.

**Соња Лептикова:** Амандманот се прифаќа.

**Светлана Јакимовска:** Амандманто се прифаќа и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандмнот на член 4 за менвуање на став 3, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за животна средина и просторно планирање, повелете.

**Соња Лептикова:** Амандманот се прифаќа.

**Светлана Јакимовска:** Амандманто се прифаќа и станува составен дел на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат во претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јави и има збор господин Лазарев Јован, повелете.

**Јован Лазарев:** Благодарам потпретседателке.

Почитувана заменик министер, почитувани пратеници,

Се јавив само накратко да кажам дека ќе го поддржам донесувањето на овој закон и ќе гласам за истиот од следните причини.

Со законот се регулира одговорноста на производителите и увозниците на производите кои создаваат отпад и кои понатмау ја оптоваруваат животната средина, потоа, со законот се дорегулира начинот на добивање на дозволата за складирање, третман и преработка на отпадот и според мене, најзначајна измена која е во овој закон е воведувањето на нова и поостра казна за спречување и отстранување на нерегуларностите со трговијата со отпад, односно со секојдневните кражби кои ги имаме денес на разни метални производи, како што се капаците од шахтите, потоа делови од железнички шини, жици кои се составен дел од инфорамтичката технологија во железницата, потоа цели бисти, споменици и т.н. кои се крадат и се носат по отпадите, веројатно и директно во ливниците и денес со овие измени се заоструваат условите за собирање на отпад, кои се организирани на тој начин што откупувачот е должен да воведе видео надзор. Со овој видео надзор понатаму органите за безбедност полесно ќе доаѓаат до инфорамции за тоа кој сторил нелегални дела.

Од тие причини ќе го подржам донесувањето на овој закон и ќе гласам за истиот. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника, сите гласаа за, нема против, нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад.

**Минуваме на точка 17 - Предлог за донесување на закон за сестринска дејност.**

Предлогот за донесување на закон, дописот на Комисијата за здравство и Мислењето на Владата, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот да се пријават за збор.

За збор се пријавија пратениците Зумрете Јакупи, Марија Андоновска, Миле Пачемски, Лилјана Поповска и господине Менде Диневски.

Има збор госпоѓа Зумрете Јакупи, повелете.

**Зумрете Јакупи:** Почитувани колеги, почитувана потпретседателке.

Овој Предлог за донесување на закон е резултат на нашата соработка, долгорочна соработка и интензивна со сите мои колеги. Повеќе од половината ни дадовте поддршка уште во минатиот мандат.

Предложив еден ваков закон и во соработка со вас, со ваша поддршка, имав голема желба да ги водиме напред нештата на начин да интервенираме и да ја уредиме оваа насока во Република Македонија.

Јас сум длабоко убедена дека ќе ме поддржите до крај од причина што е од голема потреба да го донесеме овој закон.

Со изготвувањето на овој закон се занимаваме и со искуството на државите од регионот.

Ништо не сум изумила од сето ова. За овој закон сме се консултирале со домашните институции, здравствените институции, почнувајќи од Министерството за здравство, од разни здравствени институции, со презентанти имавме и на Здружението на медицински сестри, а исто така и на коморите на медицински сестри.

Освен другото во изготвувањето на овој закон се консултиравме и со експерти кои ја извршуваат и се занимаваат со оваа дејност како внатрешни така и надворешни. Пред извесно време имавме дебата во хотелот Континентал и Холидеј ин, каде се одржа една средба со оваа структура на дејци од ТАЈАКС. ТАЈАКС е еден инструмент на Европската унија кој ги анализира законите да бидат според директивите со Европската унија. Зошто да донесеме ваков закон?

Едноставно, појдовме од потребата, јас од моето лично искуство како медицинска сестра, како наставник во Панче Караѓозов и сега како пратеник. Како медицинска сестра го почувствував сама на моја кожа и во околината колку е оваа дејност дискриминирана, колку е на едно ниско ниво од причина што до ден денес е оставена на волјата и желбата, свеста на нивните претпоставени.

Значи оваа констатација не е само моја, затоа што, како што реков на почетокот е направена во соработка со другите колеги и позади овој закон има над 9000 медицински сестри во Република Македонија.

Имајќи го во предвид значењето на овој профил во здравството нема изгледи да имаме реформи во здравствениот сектор без да се направат реформите во оваа дејност. Имајќи го тоа предвид дека над 70% од здравствените услуги доаѓаат токму од оваа дејност. Медицинските сестри цело време се во контакт, од почетокот, за време на хоспитализацијата на болниот и до завршувањето на лекувањето, до излегувањето на болниот од здравствените установи. Затоа е од големо значење да имаме еден квалитетен профил. Со овој закон ништо друго не се бара од причина што не сум изумила ништо ново, туку ги преземавме искуствата од земјите во регионот, од европските држави, како на пример од Хрватска, САД, Велика Британија и Данска.

Не велам дека законот е совршен или идеален. Не, не стојам позади тоа дека е совршен, но ниту еден закон не е совршен или идеален. Има потреба да се интервенира и во овој закон.

Но, повторувам, имајќи го во предвид значењето на овој профил треба да се ангажираме и имајќи го во предвид и тоа дека аспирациите на Република Македонија е наше интегрирање во европските земји. Затоа треба да имаме европски закон.

Во образложението на законот е наведено дека некои европски земји како што е Шпанија, Португалија, на нив им беше услов за да пристапат во Европската унија. Затоа треба да донесеме закон во согласност со директивите на Европската унија, а ова е како почеток.

Сега, од вас кои ми дадовте поддршка и во минатиот мандат, и сега барам да се изгласа потребата од донесување на ваков закон за да се уреди статусот на медицинските сестри, имајќи предвид дека во секој момент можеме да бидеме пациенти.

За овој закон треба да подвлечам и тоа дека сме соработувале со сите зд равствени институции, сме соработувале со владини и невладини организации, со женското лоби, со женското парламентарно лоби, со Сојузот на жени на Република Македонија, со НБА Институтот. Исто така имавме соработка и со службите на Министерството за здравство и со женскиот форум. Исто така се консултиравме и нон стоп бевме во врска со експерти, стручњаци, со Здружението на медицински сестри, со Комората на медицински сестри. Токму поради оваа причина гледам за попатно дека во изготвувањето на овој закон нема само една мала групација туку позади ова стојат институции, домашни, но и надвор од Република Македонија, кои ги консултиравме, затоа што едноставно ја искористив мојата можност како пратеник да се консултирам со надворешни експерти. При моето патување надвор од земјата се интересирав за овој профил, за оваа дејност како стои нивната функција во другите земји, конкретно во Европската унија.

Затоа уште еднаш би ве замолила да ми ја дадете вашата поддршка за потребата од донесување на овој закон.

Ви благодарам за вниманиесто.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За збор е пријавена госпоѓа Марија Андоновска, повелете.

**Марија Андоновска:** Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници, претставници на Владата,

Би сакала сосема накратко да зборувам за потребата за донесување на еден ваков закон, но и за нужноста за корегирање на предложеното законско решение.

Медицинските сестри и акушерки се навистина голема и значајна групација на здравствени работници чие делување е регулирано во повеќе западно европски земји со посебни закони, а воедно е значајно за унапредување на квалитетот и успешноста на понудената здравствена услуга на пациентите.

Со овој закон посебно се уредува стручниот надзор над работата на Медицинските сестри и акушерки и контролата на квалитетот на здравствената нега.

Со оглед на постојниот научен и технолошки развој на медицината и разните новитети што се воведуваат од година во година во оваа сфера сметам дека е неопходно надградување до доусовршување, дополнителна наобразба на сите здравствени работници, вклучувајќи ги тука и медицинските сестри и акушерки, се со цел да се следат и применуваат светските трендови на успешно лекување.

Нема да ми замерите што кога говорам, говорам воедно и за медицинските сестри и за акушерките, без разлика што се работи за два посебни закони.

Имено, тоа е една од моите забелешки. Искрено сметам дека двата предложени закони се толку идентични што би можеле да се регулираат во еден заеднички закон кој би ги опфатил и медицинските сестри и акушерките.

И покрај тоа што постои потреба за донесување на законски акт за медицинските сестри и акушерките, стандардите за нивното образование и условите за обавување на нивната дејност сепак сметам дека пред се би требало да изгласаме потреба од донесување на закон, а потоа истите сериозно да се корегираат и да се предложат на јавна расправа.

Потребно е да се дефинира и поимот самостојна работа и точно да се прецизира што се подразбира под тој поим за да не ни се случи избегнување од досегашната практика и маргинализирање на докторите со што тие би биле изоставени и не би можеле како и досега да даваат напаствија и да вршат контрола како најкопетентни лица врз негата и услугата што им ја даваат медицинските сестри и акушерките на пациентите.

Во членовите 15 и 16 во двата предложени закони се прави една рамка во која здравствената нега самостојно можат да ја вршат само оние што имаат приправнички стаж, положен стручен испит и средно стручно образование стекнато до 2000 година за медицинските сестри, односно до 1992 година за акушерките.

За сите останати е потребно дополнително високо образование.

Како што споменав и претходно, да не бидат погрешно разбрана, немам ништо против дополнителна наобразба, напротив ценам дека е неопходна како би можело да се следат новите научно-технолошки трендови во здравството, но воедно што ќе правиме со медицинските сестри и акушерките што завршиле средно стручно образование после 2000 година односно 1992 година.

Сличен ваков проблем и незадоволство ни се јави со стоматолозите и со докторите со измените и дополнувањата на Законот за здравствена заштита донесен 2004 година. Добро е што Владата имаше разбирање за сите оние кои беа засегнати и на почетокот на овој мандат повторно го корегираше Законот за здравствена заштита со што се избегна и се надмина оваа неправда и обесправеност на оваа група млади доктори и стоматолози.

Доколку предложените законски решенија останат онакви какви што ни се понудени повторно ќе се соочиме со проблем од ваков или сличен карактер.

Поради ова, а и поради останатите мои забелешки и поради одредени нејаснотии и недоречености во предложениот текст на законите предлагам сега да ја донесеме потребата од изготвување на еден ваков закон, а после сите корекции на истиот и изготвувањето на коренсподентна табела да го вратиме во собраниска процедура законот, бидејќи навистина е неопходен за унапредување на здравствената заштита и усогласување со европската легислатива. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор господинот Миле Пачемски, повелете.

**Миле Пачемски:** Благодарам потпретседателке, почитувани пратеници,

Веднаш ќе кажам дека Предлогот за донесување на Закон за сестринска дејност го поддржувам, затоа што таков закон постои во многу земји, пред се во напреднатите западни земји. Ќе споменам дека уште од 1928 година постои таков закон во Велика Британија. Таков закон постои и во Франција, и во Шпанија и во Италија, пред неколку години таков закон се донесе и во Хрватска, или поточно 2003 година.

Во моментот, а и досега нашите медицински сестри работеа според свои права и должности, а не со законски решенија.

Мое длабоко мислење е дека потребно е и во овој сегмент да има законска регулатива на кој начин тие сестри ќе работат, на кој начин тие ќе се образуваат и пред кого тие ќе одговараат.

Можам да искажам жалење кога пред година и нешто го носевме Законот за заштита на пациентите, тогаш ни беше ветено од страна на Министерството за здравство дека ќе го донесеме и Законот за лекари, затоа што овие два закони се сродни. Се работи за категории кои што се сродни и неразделни, а тоа е пациентите и лекарите, меѓутоа за жал досега таков закон не стигна во собраниска процедура. Се надевам дека овие закони за кои што сега зборуваме, за сестри и за акушерки ќе биде една иницијатива и за потсетување е тоа што претставници во Министертвото за здравство да се сетат дека сепак имаат обврска да донесат и закон за лекари.

Што се однесува до самата професија медицински сестри, тоа е една голема група на здравствени работници во Република Македонија беа околу 10 илјади. Притоа тие се соочуваат со надворешни работи односно работат почнувајќи од патронажна дејност, па се до негативна нега.

Работат од мали амбуланти, па се до големи болници. Работат и во приватни установи, работат и во јавни здравствени установи.

Притоа, секоја работа е специфична, си има своја специфика и затоа нивната работа, нивната дејност кај нас треба да предизвика почит, затоа што секоја работа си има специфични области и материи. Нивни пациенти се и децата, нивни пациенти се и возрасните, нивни пациенти се и други групи на жители.

Да споменам дека во западните земји не само што постои таков закон, туку со тие законски решенија е дозволено да се формираат и приватни установи, приватни фирми во кои што членуваат медицински сестри и тие сестри како приватни фирми имаат право да вршат нега и лекување, како и рехабилитација на пациентите во нивните домови. Значи, не во здравствените установи туку ти сестри одат во нивните домови каде што ставаат инекции, ставаат инфузии, преврски на рани, или пак преврска на дека битуси итн. Значи, тоа е сепак една приватна дејност која што во западните земји законски е дозволено.

Тоа за сега кај нас не е можно, меѓутоа сигурен сум дека со новиот закон и ова би било во предвид да се дозволи.

Читајќи го текстот на законот наидов на бројни забелешки на содржината на текстот на законот, со кои што јас можам како лекар и како пратеник, не се согласувам, ќе станам само дел од нив.

Според некои од овие одредби се предвидува дека медицинска сестра која што завршила средно образование може да се запише на Високо стручно образование кое што трае 3 години и после тие 3 години може да оди на специјализација или на супспецијализација.

Ова е малку чудно, затоа Што ако се има предвид дека сепак лекарите учат 5-6 години факултет, па потоа одат на специјализација мислам дека овде треба да бидат направени некои корекции во текстот на законот.

Понатаму исто така не се согласувам со некои забелешки во законот кој вели дека сите медицински сестри, медицински профили со средно образование, со вишо или високостручно образование да си имаат посебни комори.

На тој начин би имале околу 10 комори, би имале посебна комора за медицински сестри, посебна комора за акушерки, посебна комора за фермацевтски техничари, за забни техничари, за лаборанти, за ренген техничари итн., што секако мислам дека не е добро решение, а од друга страна со Законот за здравствена заштита кој го донесовме во ова Собрание во јули о.г. децидно се вели дека постои само една комора на медицински лица со средно, вишо и со високо образование.

Од друга страна ќе кажам дека еве и ние лекарите како лекари имаме само една Лекарска комора, значи немаме посебни лекарски комори ниту гинеколозите, ниту педијатрите, ниту хирурзите, ниту интернистите, туку имаме една единствена Лекарска комора.

Имајќи го сето тоа во предвид Предлогот на законот како предлог ќе го поддржам, меѓутоа, за текстот на законот јас би сугерирал кон онаа група на пратеници кои се потписници на Предлогот на законот тој закон стручно да се дефинира, да се преработи од стручни служби од Министерството за здравство. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавена госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници, почитувани предлагачи, почитуван колега,

Апсолутно се согласувам со вас во делот околу Законот за докторите, навистина сум изненадена затоа што тогаш беше ветено и од тогашниот министер за здравство и од заменикот министер дека многу брзо по Законот за заштита на правата на пациентите ќе биде донесен и Законот за доктори. Да бидеме искрени многу тешко функционираат едниот без другиот и голем број на доктори се соочуваат со проблеми и тоа тешки проблеми, поготово оние што не припаѓаат на сегашното владеачко мнозинство. Многупати се дури и малтретирани од страна на пациентите повикувајќи се, неосновано на тој закон.

Се согласувам со вас дека овој закон односно двата закони имаат одредени недостатоци, но сметам дека во Република Македонија ако сме направиле еден пропуст, не смееме да направиме и друг, има потреба од донесување на вакви закони и навистина овој пат ние се изјаснуваме за потребата од донесувањето.

Голем број од забелешките кои вие ги кажавте апсолутно се на место околу двата закони, сметам, со оглед на тоа дека во првата минута не се пријавив, според Деловникот на парламентарното мнозинство, деловник каков што нема никаде во светот, јас не можев на друг начин да дадам поддршка, еве ја користам репликата да дадам поддршка на овие два закони. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитувана госпоѓа потпретседателке, почитувани предлагачи, почитувани колеги пратеници,

Со задоволство дадов поддршка на овој закон, јас сум еден од копредлагачите, меѓутоа, сакам да и одадам признание на колешката Зумрете Јакупи која е носител на изготвувањето на предлог текстот и лобист до сите нас за да се придружиме и да го пддржиме овој текст. Таа како активен учесник на Здружението на сестри и акушерки на Република Македонија е бајрактарот на сите овие активности и мислам дека навистина заслужува секоја почит и треба јавно да се каже.

Јас го предлагам заедно со неа овој текст затоа што сметам дека е навистина потребно да се регулира статусот на медицинските сестри и акушерки.

Ќе ми дозволите заедно да ги дискутирам овој и следниот закон. Се согласувам со забелешките на претходните дискутанти дека веројатно би било добро да бидат обединети во еден, би било порационално. Освен тоа сметам дека е многу битно да се определат правата и должностите на сестрите и акушерките што се прави со овој закон. Сите сме сведоци дека медицинските сестри и акушерките често пати на некој начин се третирани како втора категорија на медицински лица. Тие си имаат свои специфични знаења, своја специфична улога и понекогаш извонредно тешка улога која не секој може да ја поднесе и не секој може да ја извршува онака како што треба. Потребни се одредени психофизички подготвености и предиспозиции за да може некој да врши ваква дејност.

Затоа е многу добро што законски се регулираат правата и обврските да не бидат потчинети од страна на колегите лекари што до некаде, за жал, мораме да признаеме дека се случува.

Според мене е сосема во ред што медицинските сестри и акушерки сакаат да се организираат во заедничка комора. Според моите сознанија има такви искуства надвор од Република Македонија и тоа би бил начинот на кој тие би можеле во својата фела, во својот еснаф да се рамнат меѓу себе и да има можност некој да напредува или некој да добие брана за напредување доколку не го исполнува кодексот што се бара од него.

Мислам дека е важно да се напомене дека можностите за унапредување, за специјализација и оние специјални услови кои се бараат од сестрите за да вршат самостојна дејност се токму такви поради тоа што се однесуваат на посебна лиценца за вршење самостојна дејност. Тоа значи дека не секоја медицинска сестра треба да дозаврши образование, да има ваква или таква диплома, но само оние кои ќе сакаат да се регистрираат за самостојно вршење на дејноста така што веројатно би требало тука да се прави разлика.

Предлогот на текстот на овој закон и на Законот за акушерска дејност се разбира не се совршени, меѓутоа, суштинско е дека е направен основен текст и рамка за предлог на закони.

Би предложила двата закони за медицински сестри и за акушерки во следната фаза да бидат обединети како еден заеднички текст и да се направи следно, да се иницира донесување и на закон за лекари, што мислам дека е навистина потребно, несомнено е потребно да го имаме во Република Македонија, меѓутоа, еве, сестрите и акушерките преку Здружението испаднаа по ербап, едноставно поенергични, поактивни, па тие побрзаа да го предложат овој закон. Мислам дека не е спорно, ова може да биде само убав поттик за колегите кои се лекари од сродна организација да го сторат истото, па да го поттикнат Министерството за здравство да го донесе тој закон.

Сметам дека треба да го поддржиме Предлогот за донесување закон за сестринска дејност, како и следниот кој ќе се однесува за акушерска дејност затоа што е одлична рамка за да се реши статусот на сестрите и акушерките, а крајната верзија на текстот кој ќе биде предложен до нас како законски предлог, ќе оди во втора или можеби во трета фаза, зошто да не, зависно од тоа како понатамуќе се развива дискусијата.

Мислам дека не треба да ја пропуштиме шансата и да го поддржиме овој текст затоа што според мислењето што е дојдено од Владата, мислам дека тоа може да произлезе.

Со целосна подршка и понатаму препорачувам и на Зумрете Јакупи и на другите колеги кои сме поддржувачи и потписници на овој закон да се вклучиме во јавна расправа која веројатно ќе биде добредојдена за да може да се дефинираат некои работи на кои се гледа различно и каде има можеби недоразјаснети ставови, да се направат споредби според законски искуства во други земји и конечно во втората фаза да донесеме убав, пречистен текст зад кој сите ќе застанеме спокојно и никој нема да има никаква дилема. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика се пријави господинот Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Благодарам.

Сакам само да додадам на ова што госпоѓа Поповска кажуваше, добро е што законот оди во фази.

Сакам да додадам и да и оддадам признание на нашата колешка пратеничка Зумрете Јакупи која со многу ентузијазам многу долго сите не убедуваше колку е важно да се донесе овој пропис, да се средат приликите во една област многу битна за здравствената заштита, за лекувањето на луѓето.

Докторите сами признаваат дека фактички рацете им се отсечени ако немаат добри сестри. Мислам дека оваа иницијатива, овој предлог што го даде, бидејќи ова ни е втор мандат откако се знаеме со нашата колешка овде, ги знаеме нејзините идеи, јас зборувам како за нејзина иницијатива која заслужува цело наше признание и поддршка.

Што се однесува до дотерувањето на текстот, сигурно и е прв закон што го прави, нормално е дека нема многу искуство во тоа, имаме можност сите да помогнеме, особено треба да и помогнат оние луѓе од Министерството за здравство кои работат на оваа материја, на подготвување на законски текстови, во тоа не се сомневам, во секој случај мислам дека заслужува сестрано признание и подршка.

Ние од ЛП ги проучивме текстовите и на овој закон и на оној што следува за акушерска дејност и двата ги поддржуваме, тогаш нема да земам збор ниту ќе имам некоја реплика. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавена госпоѓа Станка Анастасова, повелете.

**Станка Анастасова:** Почитувана потпретседателке, јас се јавив за реплика на колешката Лилјана Поповска.

Не можам да се согласам со тоа дека сестрите испаднале по ербап од докторите и сами си поднеле иницијатива за донесување на закон за сестринска и акушерска дејност, бидејќи тоа е работа на Владата, Владата треба да поттикнува донесување на закони, да ги подготвува, а лекарите треба да ги викне за консултација, за стручно мислење, за вградување на нивните ставови во законите кои ќе се донесат на пример дали тоа ќе биде за лекарската дејност или исто така треба и сестрите да се повикаат на консултација при донесување на закон за сестринска или акушерска дејност. Тоа едната работа.

Другото што не можам да се согласам дека сестрите биле третирани како втор ред или втора класа, тие во областа на својата дејност, во вршењето на нивната работа се прва класа. Не можете да поистоветувате работа на лекар и сестра. Лекарите си ја работат докторската работа, а сестрите сестринската работа, во зависност на кој оддел работат. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика за госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам.

Почитувана колешке само како дообјаснување, не е контра реплика, туку само разменуваме ставови. Воопшто не мислам да се поистовети дејноста на сестрите, акушерките со лекарите, се разбира сите си имаат своја специфична тежина и своја област на дејствување. Не мислам тоа да го тврдам, ниту го тврдев. Јас само спомнав дека само во некои случаи сестрите и акушерките се третирани како луѓе од втора класа, условно кажано, затоа што има одредена злоупотреба врз нивната позиција, тоа се случува, тоа го знаеме од искуство, сите ние се движиме по светот, имаме пријатели и меѓу сестри и акушерки и меѓу лекари така што со тоа воопшто не тврдев дека во мнозинство не се третирани онака како што треба и дека лекарите не ги третираат како што треба.

Зборував да се исклучи можноста некој да го злоупотреби нивниот статус и да не им ја даде онаа важност која тие ја заслужуваат. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор господинот Менде Диневски, повелете.

**Менде Диневски:** Благодарам потпретседателке, почитувани колеги,

Со Предлог законот за сестринство се регулира прашањето на најголемата професионална група во здравството во Република Македонија која претставува повеќе од 1/3 од вкупниот број на здравствените работници од областа на здравствената заштита.

Овој податок зборува дека оваа категорија на здравствени работници битно влијае во успешноста и квалитетот на нудењето на здравствените услуги. Притоа сакам да спомнам дека покрај тоа што оваа категорија на граѓани со законско решение регулирано во повеќе европски земји еден од моментите кој треба да се напомене е тоа дека за ваквото донесување на вакви законски решенија и барање на медицинскиот персонал кој го опфаќа ова решение.

Со внимание ги прочитав причините заради кои се предлага Законот за сестринство, притоа ќе зборувам и за Законот за акушерки, се согласувам со најголем дел од нив но притоа сакам да обрнам внимание на еден дел каде е наведено дека една од причините заради кои се предлага овој закон е волјата и ставот на надредените лекари со што мислам дека се фрла една дамка во работата на лекарите кои во принцип, во најголем дел од нивните активности, се тесно поврзани со работењето на сестрите. Притоа не мислам дека сите лекари се однесуваат надвор од стандардите и дека тие се однесуваат согласно правилата и должностите на медицинските сестри.

Сосема накратко за да не влегувам во материјална расправа по однос на самиот текст, се согласувам со голем број на забелешки кои ги дадоа колегите пратеници во делот кој се однесуваше на Комората и во делот кој се однесуваше на регулирање на образованието, ние како СДСМ ќе го подржиме ваквиот текст на закон за сестринска дејност и во втора фаза ќе поднесеме амандмани истиот да добие на квалитет во интерес на сите сестри независно од каде доаѓаат.

На крај, убеден сум дека многу брзо на дневен ред на ова Собрание ќе дојде и Законот за лекари за да на некој начин покрај Законот за пациенти, сега Законот за сестринство и Законот за акушерки се заокружи оваа област од регулирање на правата на здравствените работници. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за сестринска дејност.

2. Предлагачите на законот ќе изготват и на Собранието ќе му доставаат Предлог на закон за сестринска дејност при што ќе ги имаат предвид мислењата и предлозите од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија и мислењето на Владата на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија и мислењето на Владата на Република Македонија да се достави до предлагачите на законот.

Пред да го ставам заклучокот на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата, а службите да достават точен број на пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Во салата се присутни 62 пратеника.

Заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, сите 61 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 18. - Предлог за донесување на закон за акушерска дејност.**

Предлогот за донесување на законот, дописот на Комисијата за здравство и мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот да се пријават за збор.

За збор се пријавија госпоѓа Зумрете Јакупи, господинот Миле Пачемски и господинот Владо Стефановски.

Има збор госпоѓа Зумрете Јакупи, повелете.

**Зумрете Јакупи:** Благодарам.

Од причина што, како што рече и почитуваната колешка дека ќе ги ставиме во еден закон, и јас заклучив дека треба да биде еден закон.

Сакам да нагласам дека за здравствените работници, нивниот квалитет, кариера или унапредување треба да биде исто од причини што, на пример од специјализација, субспецијализација до научни работници, зошто во таа област да не бидат и акушерките и медицинските сестри кои се носители на здравствено негување.

Јас се согласувам со тоа дека Законот не е како што треба, има свои недоследности, но треба да ни послужи како основа бидејќи сега е прва фаза, потребата за донесување на овој закон, кој треба да се донесе во Република Македонија за регулирање на статусот на медицинските сестри и акушерки, така што не само да се регулира нивната дејност, туку да се уреди и квалитетот на здравството во целина, бидејќи не може да се предвиди некоја реформа во здравството без да се реформира оваа дејност. Секако , овде ќе има можност за тоа.

Од досегашното искуство, имаме медицински сестри и акушерки каде нивната дејност се заснова само врз правата, вообичаените права на медицинските сестри, засновајќи се на лични искуства и потребата за примена на одредени постапки со разни пристапи врз стандардите и спроведување на воспитно- образовни процеси и извршување на нивната професија врз основа на некои нивни недефинирани надлежности. Така е тоа до денес. Тоа се заснова врз волјата и ставот на нивните претпоставени. Не случајно го кажувам тоа. Тоа е така и така е дефинирано до овој момент. Да се надеваме дека во иднина тоа ќе го уредиме., бидејќи имаме потреба за едукација, во континуитет, на овој профил, имајќи предвид дека имаме инструменти во многу здравствени институции, разни апаратури кои за жал до крај не се искористени од причина што е завршено образованието и сега ја извршуваат дејноста врз основа на образоавнието што го стекнале пред неколу години, а немаме континиутет а немаме во нивната наообразба. Поради оваа причина преку овој закон сакаме да имаме општо лиценцирање што е неопходно, за да имаме една професија која би била призната во европските земји.

Исто така, како носител на професиајта, зошто да не биде и основач на работното место.

Имаме доста образложенија околу законот. Не велам дека законот е добро усогласен со европските директиви . Нормално, ќе имам еден вакуум ако сакаме да имаме еден совршен европски закон , бидејќи во Европа средно медицинско училиште не постои. Мое мислење е дека средното медицинско училиште не треба да се отфрли, туку овој профил на медицински сестри и акушерки да остане како асистенти по медицина и да имаат можности, ако сакаат да продолжат со нивно натамошно образование, да имаат можност и тие да се наобразат согласно нивните можности, а не како што беше до сега, имаме ограничување на нивната издигнатост. Еве, наскоро е отворено високо образование и тоа е исчекор напред, но сеуште немаме мастер. Еве јас лично сум принудена да запишам мастерски студии надвор од земјата. Зошто да немаме овде мастер студии, исто како медицински сестри и акушерството. Значи, има потреба овие два закони да се докомплетираат. Поради оваа причина во втората фаза имаме можност да ја уредиме оваа материја и да имаме посоодветен и посвршен и постручен закон, бидејќи ќе имаме можност да имаме една јавна расправа. Морам да кажам дека за одржување и организација на јавни расправи ми се понудија од Национално демократски институт кои сакаат да ни помогнат на начин на кој што ќе се вклучат стручњаци од оваа дејност и да се понудат различни идеји за да имаме што подобар и поефикасен закон и да имаме напредок во оваа дејност.

Јас и претходно реков дека без уредување на статусот на оваа дејност, не можеме до крај да го спроведеме ни законот за правата на пациентите, од причина што доаѓаме во судир за многу нешта кои сакаме да ги оствариме и сегашната можност која постои. Затоа, освен другите работи, добро е во рамките на Министерство за здравство да се

организира еден посебен сектор кој ќе се занимава со оваа дејност. Зошто да нема посебен сектор во Министерство за здравство, како што е посебниот сектор за стоматолози. Нема изгледи да има повеќе стоматолози отколку што имаме медицински сестри. Знаете дека една третина од здравствениот кадар се медицински сестри и акушерките. Затоа им благодарам на претходните говорници коуи ме подржаа во однос на предложените закони и се надевам дека ќе најдеме заедничко решение што повеќе да разменува идеи и на крајот да донесеме што подобра и што помпетентен закон.

**Светлана Јакимовска:**Благодарам.

Има збор господинот Миле Пачемски,повелете.

**Миле Пачемски**: Благодарам потпретседателке.

Како лекар акушер имам чест и обврска да проговорам за неколку работи околу и Законот за акушерска дејност, закон кој сигурно наскоро ќе биде донесен во Република Македонија.

Имајќи ја предвид тежината и одговорноста на акушерките во нивното дејствување, мислам дека носењето на еден ваков закон, наместо правата и должностите на акушерките, ќе овозможи законска регулатива во поглед ан нивиините работни задачи , одговорност и нивното извршување.

Реков дека тоа е многу тешко и одговорна работа, работа која се одвива на сите новои на здравствена заштита, примарно , секундарно и терцијално здравство, почнувајќи од примарно здравсто каде имаме диспанзери за жени каде акушерките прават разговори со идните мајки, во поглед на планирањето на семејството. Понатаму во примарната здравствена заштита ите се одговорнио и во нивната патронажна дејност односно посета и на трудниците меѓутоа посета и на родиликите, имаат активна улога во поглед на давање совети на леунката во поглед на исхраната, доењето, но исто така и во поглед на контролата за напредување на новороденчето.

Во поглед на акушерките кои се занимаваат со породување , знаеме дека тоа е мнугу одговорен акт. Знаеме дека акушерките на некој начин се нераскинлива врска со гинеколозите акушери и во самиот акт на породување но и пред тоа, тие се грижат за фетусот, а исто така земаат активна улога и во надбљудувањето на родилката новороденчето. Нивната активност е за поздравуавање бидејќи се грижат и за предоперетивната и пост опреративната дејност на жените кои се оперирани.

Гледајќи го законот, можам да констатирам неколку позитивни работи. Имено, во законот се зборува дека има потреба од контунуирана медицинска едукација, а тоа значи дека постоечките акушерки, исто како што беше и за медицинските сестри дека има потреба од нивно медицинско усовршување преку следење на разни семинари, секции, конгреси итн. Тоа битно затоа што податоците ни кажуваат дека во Република Македонија преку 80% од акушерките медицинските сестри се со средно стручно образование. Значи со овие закони се овозможува во иднина да се стави обрвска и на акушерките и на сестрите да се надградуваат, да поминат во више образование и да се стекант со високо образование.

За поздравување е и тоа што досегашното ниво на здружување на акушерките што беше преку здружение на медицинските сестри и акушерки, сега со изминатите на законот за здравствена заштита од јули месец поминува на ниво ма Комора, повисоко ниво од досегашното здружение на медицинските сестри и акушерки.

Сигурно дека во законот има сериозни недостатоци и токму тие во иднина треба да бидат предмет на сериозни анализи и корекции од страна на предалгачите на законот, меѓутоа сигурно ќе користат и стручните во Министерство за здравство.

На крајот ќе кажам дека Предлогот за донесување на законот силно го подржувам, но текстот на законот треба да претрпи сериозни корекции.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збро господонот Владо Стефановски, повелете.

**Владо Стефановски:** Благодарам.

Би сакал да се приклучам кон искажувањата на моите колеги пратеници за потребата од носење на ваков закон.

Законот за акушерска дејност, во голема мера да не речам целосно е идентичен со Законот за сестринска дејност и забелешките кои се однесуваат на тој закон би се однесувале и на Законот за акушерска дејност.

Евидентно е дека има потреба од носење а закон кој ќе ја регулира оваа материја и ќе го одреди статусот на сите здравствени работници ангажирани во процесот на пружање наздрвствена заштита меѓутоа на еден сеопфатен начин. Значи ваквото цепкање на Законот за сестринска дејност и Законот за акушерска дејност , мислам дека не е добро и голем дел од здравствените соработници сепак ќе останат надвор од материјата регулирани со овие закони. Во исто време веќе постои комора на здравствени работници која сега, според предлогот на овие закони, би требало да се замени со акушерксо сестринска комора и би сакал во идните расправи да се има предвид оваа колизија која ќе настане меѓу двете комори. Значи, би предложил целата дејност да се регулира со закон за доктори и закон за здравствени работници и особено да се внимавам на положбата на актуелно ангажираните здрвствени работници во овој момент. Значи до колку прифатат во неизменета форма овие закони ќе се јави проблем со сите оние здрвствени работници кои дипломирале и положиле стручен испит по 2000-та година и ќе се согласите дека не би било фер спрема нив. Ви секој случај добро е да се отвори широка расправа по овие точки и низ

таа расправа да се оцени во кој правец ќе се носат законите.

Мој предлог би бил да се донесе закон за доктори и закон за здравствени работници.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Бидејќи е ицрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон акушерска дејност.

2. Предлагачите на законот ќе изготват и на Собранието ќе му достават Предлог на законот за акушерска дејност, при што ќе го имаат предвид мислењата и предлозите од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија и мислењето на Владата на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со стенографските белешки од расправата од седницата на Собранието на Република Македонија и мислењето на Владата да се достави до предлагачите на законот.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеници, за 58, еден воздржан, против нема.

Го молам службите да достават точен број на пратеници во салата.

Во салата се присутни 58 пратеници.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да го повториме гласањето.

Во салата има повеќе од 61 пратеник, ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници. За заклучокот гласаа сите 60, нема воздржани, нема против.

Костатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Продолжуваме понатаму.

Процедурално госпоѓа Бонева Силвана, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитувана потпретседателке.

Во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ предлагам точките 24 и 25, заради тоа што се уште нема пристигнато мислење од Владата, да бидат заменети како точки 26 и 27, значи да бидат последни точки, а да продолжиме по другите точки од дневниот ред. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Дали имате подршка од 10 пратеници?

(Пратеници креваат рака)

Има подршка.

Предлогот точките 24 и 25 да бидат последни односно по завршувањето на точката 27, до сега како што е редоследот, место точка 24 и 25 да бидат 26 и 27.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам кој е за?

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 49 пратеници, сите 49 гласаа за, воздржани нема, притив нема.

Ги молам службите да достават точен број на пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата)

Во салата за време на гласањето беа присутни 64 пратеници.

Гласањето е полноважно.

**Минуваме на точка 19 - Барање за давање на автенитично толкување на член 122 од Законот за сопственост и други стварни права поднесено од општина Аеродром**

Барањето за давање автентично толкување и Извештајот на Законодавно-правна комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по Барањето за давање автентично толкување да се јават за збор.

Бидејќи никој не се пријави за збор, констатирам дека претресот е завршен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично толкување на член 122 од Законот за сопствености други стварни права поднесено од општина Аеродром не е оправдано и нема потреба за автентично толкување на овој член од Законот, од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правна комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој Заклучок, заедно со Извештајот на Законодавно-правна комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до општина Аеродром.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеници, сите 57 гласаа за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучокот.

**Минуваме на точка 20 - Барање за давање на автенитично толкување на одредби од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, поднесено од општина Аеродром, под архивски борј 07-3558/1**

Барањето за давање автентично толкување и Извештајот на Законодавно-правна комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по Барањето за давање автентично толкување да се јават за збор.

Бидејќи никој не се пријави за збор, констатирам дека претресот е завршен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично толкување на одредби од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, поднесено од општина Аеродром, под архивски број 07-3558/1 не е оправдано и нема потреба за автентично толкување на овие одредби од Законот, од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правна комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој Заклучок, заедно со Извештајот на Законодавно-правна комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до општина Аеродром.

Пред да го ставам барањето на изјаснување ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги повикувам службите да доставаат точен број на пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на пратеници во салата)

Во салата се присутни 61 пратеник.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеници, сите 59 гласаа за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучокот.

**Минуваме на точка 21 - Барање за давање на автенитично толкување на одредби од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, поднесено од општина Аеродром, под архивски борј 07-3559/1**

Барањето за давање автентично толкување и Извештајот на Законодавно-правна комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по Барањето за давање автентично толкување да се јават за збор.

Бидејќи никој не бара збор, констатирам дека претресот е завршен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично толкување на одредби од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, поднесено од општина Аеродром, под архивски број 07-3559/1 не е оправдано и нема потреба за автентично толкување на овие одредби од Законот, од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правна комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој Заклучок, заедно со Извештајот на Законодавно-правна комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до општина Аеродром.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници, за заклучокот гласаа сите 58, воздржани нема, против нема.

Ги молам службите да достават точен број на пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на пратеници во салата)

Во салата се присутни 59 пратеници, гласањето не е полноважно.

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

(Пратеници влегуваат во салата)

Во салата се присутни 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници, од кои сите 60 гласаа за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучокот.

**Минуваме на точка 22 - Барање за давање на автенитично толкување на член 1 став 4 точка 18 од Законот за изменување и дополнување на Законот за комунални дејности, поднесено од претседателот на Советот на општина Делчево**

Барањето за давање автентично толкување и Извештајот на Законодавно-правна комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по барањето за давање автентично толкување да се јават за збор.

Бидејќи никој не се пријави за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично толкување на член 1 став 4 точка 18 од Законот за изменување и дополнување на Законот за комунални дејности, поднесено претседателот на Советот на општина Делчево, не е оправдано и нема потреба за автентично толкување на овој член од Законот, од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правна комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој Заклучок, заедно со Извештајот на Законодавно-правна комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до Советот на општина Делчево.

Ги повикувам службите да датат точен број на пратеници во салата.

(Службите даваат точен број на пратеници во салата)

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

(Пратеници влегуваат во салата.)

Во салата се присутни 61 пратеник.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, за заклучокот гласаа сите 61, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучокот.

**Минуваме на точка 23 - Барање за давање на автенитично толкување на член 124-а став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење, поднесено од градоначалникот на општина Кисела Вода**

Барањето за давање автентично толкување и Извештајот на Законодавно-правна комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по барањето за давање автентично толкување да се јават за збор.

Бидејќи никој не бара збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично толкување на член 124-а став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење, поднесено од градоначалникот на општина Кисела Вода не е оправдано и нема потреба за автентично толкување на овој член од Законот, од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правна комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој Заклучок, заедно со Извештајот на Законодавно-правна комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до градоначалникот на општина Кисела Вода.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеници, сите 59 гласаа за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучокот.

Објавувам пауза, продолжуваме во 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,04 часот).

**Светлана Јакимовска:** Продолжуваме со работа.

**Минуваме на точката 26 - Годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2007 година.**

Годишниот извештај, Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет и мислењето на Владата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Годишниот извештај, да се приајват за збор.

За збор се пријавени главниот државен ревизор госпоѓа Тања Таневска и госпоѓа Весна Бендевска.

Има збор госпоѓа Тања Таневска, повелете.

**Тања Таневска:** Благодарам.

Почитувана госпоѓо заменик претседател на Собранието на Република Македонија, почитувани пратеници,

Најнапред би сакала да се заблагодарам на можноста што ми е дадена со ова мое обраќање накратко да го презентирам работењето на Државниот завод за ревизија за 2007 година. Начинот на трошењето на јавните средства е во центарот на вниманието на јавноста на секоја држава. Затоа однесувањето на институциите во јавниот сектор и нивната грижа за трошењето на средствата има клучно влијание врз формирањето на јавното мислење и довербата на граѓаните. Концептот на ревизијата и нејзиното формирање е својствено за администрацијата на јавните финансии, бидјеки раководењето со јавните финансии претставува доверба. Ревизијата не е цел за себе, туку е неопходен дел од контролниот систем кој има за цел навреме да ги открива отстапувањата од прифатените стандарди и повредите на принципите на регуларност, ефикаснсот, ефективност и економичност во управувањето со јавните средства за да можат да се преземат корективни мерки и да се прифати одговорноста. Мандатот на Државниот завод за ревизија како врховна ревизорска институција во Република Македонија е утврден со Законот за државна ревизија кој се базира на основните начела на Лима декларацијата, на водечките упатства за принципите во ревизијата: независност, компетентност, објективност, неутралност, рационалност, доверливост, професионалност и тимска работа. Во услови на опкружување каде постојано се афирмираат процесите на интеграција и глобализација се наметнува потреба од динамичен развој и на Државниот завод за ревизија кој ќе овозможи целосно усогласување и прилагодување на начинот на работа согласно меѓународно прифатените стандарди и најдобрата меѓународна пракса. Во оваа смисла Државниот завод за ревизија претставува капацитет кој може да даде значаен придонес кон правилно и ефикасно работење со парите на даночните обврзници, да даде препораки на институциите во јавниот сектор за подобрување на нивното работење, а со тоа да придонесе и за успешно зачленување на Република Македонија во Европската унија. Сепак, во многу области справувањето со овие предизвици и зајакнувањето на придобивките кои произлегуваат од работењето на Државниот завод за ревизија претставува одговорност на самата институција и многу зависи од интегритетот и етичките вредности на

раководството на институцијата. Затоа работата на ревизијата се фокусира на оние области во кои во текот на извршување на ревизиите ќе помогне да се намали ризикот кој постои во управувањето со јавните средства. Ова значи дека при програмирањето на ревизорските задачи и во својата Годишна програма Државниот завод за ревизија се потпира на веќе воспоставени критериуми, пред се задолжителноста за вршење одредени ревизии утврдена со закон, потоа обемот на јавните средства со кои располагаат институциите, бројот на вработувања, степенот на ризичност, барањата на надлежните органи и правни субјекти за вршење на одредени ревизии. Сознанијата со кои располага Државниот завод за ревизија за незаконско и ненаменско трошење на јавните средства, како и стратешките цели и задачи утврдени во Стратегијата за развој на Државниот завод за ревизија. Државната ревизија нема извршни, регулативни и санкционирачки овластувања. Ревизијата само констатира состојби, утврдува наоди за степенот на примена на законските прописи, или за отстапување од нив во реализација на финансирањето на јавните потреби и дава препораки за нивно надминување. Исто така, го оценува и остварувањето на дефинираната наменска структура на трошоците утврдена во буџетските и програмските докумнети, како и очекуваните ефекти од користењето на средствата. Ова е суштинската разлика помеѓу ревизијата и инспекцијата.

Со задоволство можам да констатирам дека се повеќе ревизијата го зазема своето вистинско место и улога меѓу институциите во јавниот сектор. Значи, да биде независен советник и коректор на нивното работење. Вистински доказ за оваа моја констатација е и овој Извештај од кој може да се заклучи дека советодавната улога на државната ревизија навистина придонесува за подобрување на општата клима во работењето на јавниот сектор.

Годишниот извештај е документ во кој се опфатени предметот, организацијата и обемот на задачите на Државниот завод за ревизија, анализа на наодите од извршените ревизии и условите за работа и развој на институцијата. Врз основа на наведените содржини на Извештајот се изведени заклучоци и дадени се предлози за подобрување на досегашното работење и отстранување на утврдените слабости и недостатоци.

Првиот дел на овој Извештај претставува сублимат на 188 ревизорски извештаи издадени во текот на 2007 година од извршени ревизии на 89 субјекти. А вториот дел ги презентира активностите на Државниот завод за ревизија во насока на понатамошен развој, усовршување и јакнење на независноста и самостојноста на институцијата. Сите извештаи редовно се објавуваат на нашата интернет страна, значи достапни се за јавноста, со што Државниот завод за ревизија промовира транспарентно и одговорно работење.

Анализата на изразените мислења за последните три години покажува тренд на подобрување во законско и наменско користење на средствата. Позитивното мислење за законско и наменско користење на средствата бележи зголемување од 27,4% во 2004 година на 42,9% во 2006 година со приближно исто толкаво намалување на негативното мислење, значи од 40% во 2004 година на 23,4% 2006 година. Додека учеството на воздржување од давање мислење учествува со 1,9% од вкупно изразените мислења на ревизијата за 2006 година. Подобрена е и објективноста во искажувањето на финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со прифатените сметководствени начела и сметководствени стандарди како резултат на присуството на државната ревизија кај субјектите од јавниот сектор и нивниот позитивен став кон државната ревизија. Во секој од своите извештаи државната ревизија во посебен дел ги изнесува колизијата на законските прописи и системските и организациски слабости за чие отстранување е потребно навремено и соодветно делување од надлежните органи. Но, и покрај позитивниот тренд на настаните, сепак сумираните резултати од активностите на Државниот завод за ревизија упатуваат на констатацијата дека сеуште постојат голем број наоди и препораки во одделните ревизорски извештаи кои треба да се сфатат многу сериозно и да се преземат соодветни мерки за нивно надминување. Најзастапени се наодите кои се однесуваат на неправилна примена на актите и на сметководствените политики и начела кои се среќаваат во 98 од вкупно 143 извештаи во кои се констатирани наоди, или 68, 5% од извештаите. Зачестени се и наодите кои се однесуваат на искажувањата во билансот на состојба, а во секој втор извештај се содржани и непочитувањата на Законот за јавни набавки. При вршењето на ревизиите особено внимание се посветува на почитување на постапките за јавни набавки од причина што се работи за област која е особено подложна на злоупотреби. И нивното учество во вкупните наоди упатува на потреба од задржување на ваквото внимание. Веќе три години по ред учествуваат со околу 17% во вкупните наоди. Но, за обележување е фактот дека се намалува априори неприменување на Законот за јавни набавки, односно ако во 2005 година 34,5% од наодите врзани со Законот за јавни набавки беа поради негова целосна непримена, во 2007 година бројот на наодите е двојно помалку и изнесува 17,6% од случаите.

Вториот дел од Извештајот ги содржи информациите за работата на Државниот завод за ревизија во 2007 година кои го опфаќаат развојот на Државниот завод за ревизија, меѓународните активности, финансиската, материјалната и кадровската основа, организационата поставеност и начинот на известување за работата на Државниот завод за ревизија. Во оваа прилика би сакала да споменам само некои од нив. Државниот завод за ревизија

веќе трета година остварува успешна соработка со Холандскиот суд на ревизори преку имплементација на твининг проект со чија помош во континуитет го подобрува своето работење, применувајќи ја најдобрата меѓународна пракса. Во рамките на овој проект во текот на 2007 година организирана е посета на делегација од Република Македонија на Кралството Холандија. Претставници на Собранието на Република Македонија, Министерството за финансии и Државниот завод за ревизија ги посетија Холандскиот суд на ревизори, Парламентот на Холандија и Министерството за фианнсии на Холандија, со цел размена на искуства за воспоставената пракса на комуникација меѓу овие институции. Во текот на 2007 година исто така, одржана е тркалезна маса на тема: улогата и местото на Државниот завод за ревизија како врховна ревизорска институција во Република Македонија. Претставници на Собранието на Република Македонија, Владата, Министерството за финансии и  Министерството за правда на Република Македонија,како и други учесници со своите дискусии изразија целосна подршка на мерките што треба да се преземат за зајакнување на позицијата на Државниот завод за ревизија во контекст на зголемување на неговата независнсот и самостојност. Од тркалезната маса произлегоа заклучоци кои се однесвуаат на вршење на ревизија на сеопфатност на приходите, изготвување на пофлексибилни и  соодветни буџетски процедури, разгледување на извештаите на Државниот завод за ревизија од страна на посебно тело во Собранието, институционализирана соработка меѓу Државниот завод за ревизија и надлежните тела за системите на јавната внатрешна финансиска контрола и борбата против корупцијата.

Се надевам дека со наша заедничка волја и напори оваа институционална соработка навистина ќе ја зајакнеме.

Значајна активност за нас како институција беше и снимањето на работењето на Државниот завод за ревизија од претставниците на врховната ревизорска институција на Германија во функција на вршење на оцена на работењето на институцијата. Од извршеното снимање и оцена од врховната ревизорска институција на Германија изготвен е Извештај во кој се констатирани состојби и дадени се насоки за подобрување на нашето работење. Во оваа прилика би сакала да цитирам само дел од заклучокот на Извештајот. “Наш впечаток е дека Државниот завод за ревизија има солидна основа за успешно справување со предизвиците. Јасно ја демонстрира својата подготвеност за интензивно учење како што тоа го прави преку твининг проектот со Холандскито суд на ревизори и не треба да ги намали своите напори за продолжување на овој  процес. Квалификуван, отворен и мотивиран персонал е клучниот фактор кој ќе влијае на понатамошниот развој на Државниот завод за ревизија. Ова покажува дека Државниот завод за ревизија навистина има таков персонал”.

Ние како институција многу сериозно ги примивме овие констатации и сите наши активности се насочени кон потврдување и зголемување на реномето кое Државниот завод за ревизија во изминатиот период континуирано го прави. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика е  приајвен господианот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателке.

Како што и во самиот Извештај пишува, целта на Годишниот извештај е да се информира Собранието, да донесе некои заклучоци и да укаже на неправилности во работењето и трошењето на јавните средства од страна на субјектите предмет на ревизија. Јас сакам да констатирам некои работи. Прво, мислам дека можеби е мој пропуст, се извинувам ако грешам, смената на господинот Арсовски со госпоѓа Таневска не ја гледам овде во дел од Извештајот, бидејќи ова е Извештај за 2007 година. Но мислам дека некој историјат заслужува и тој дел, особено што во организационата шема овде на некоја страна е даден господинот Арсовски дека фигурира како државен ревизор, може погрешно да се сфати. Можеби е пропуст, не чув какво е мислењето на  главниот државен ревизор во однос на предлогот од страна на Владата по повод мислењето по оваа ревизија  Комисијата за финансирање и буџет практично да биде таа што ќе ги разгледува тековно извештаите. Но, за жал, да констатирам дека во делот на неправилности во работењето ги нема оние најатрактивните неправилности. Се надевам дека Државниот завод за ревизија ќе собере сила и ќе расчисти неколку работи. Да ги охрабрам прво, да го расчисти овој скандал во Министерството за образование и наука каде што некој не знам како поделил 300 илјади евра шаком и капом што ќе речат без да се знае на свои луѓе од министер на државен секретар, државниот секретар на министерот и обратно.Тоа е една работа. Се надевам дека тоа ќе биде тема во извештајот за 2008 година и знам дека тоа е актуелно, ама да ги охрабрам  да се расчисти работата. И да изразам жалење за нешто што ја повикав и лично госпоѓа Таневска за една од најкорумпираните зделки на оваа Влада, а тоа се стоте илјади компјутери. Денеска читаме во “Време” има еден начнат добар текст. Јас само ќе видадам уште две смерници госпоѓо Таневска. Значи, Владата распиша еден тендер за 24 милиони евра што го доби една компанија каде што во самиот тендер пишуваше дека обврска на тој што го добива тендерот е инсталација на компјутерите. Во мај месец Јавното претпријатие за Македонска радио-дифузија надвор од нивните обврски за седум милиони евра го направи истото, иако 6 месеци луѓето немаа земено плата. Јас би ве замолил да се зафатите со овие два случаи и

соодветно да реагираат другите органи кои што имаат своја надлежност. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За контра реплика госпоѓа Тања Таневска, повелете.

**Тања Таневска:** Благодарам. Во врска со хронологијата на настаните овој извештај навистина се однесува за работењето на мојот претходник Драгољуб Арсовски. И затоа во организационата шема стои дека главен државен ревизор во тој период беше господинот Драгољуб Арсовски. Мислам, ништо не сменивме. Во текот на целата 2007 година, значи, јас бев назначена на 24 декември. Извештајот се однесува комплетно на работењето на неговиот период. Мислам тоа е јасно.

Во врска со заклучокот од Владата, јас се согласувам потполно дали ќе биде Комисијата за финансирање и буџет во Собранието, или некоја друга комисија, како што во другите држави постои специјален таканречен ревизорски комитет кој што ќе се занимава со извештаите од Државната ревизија, сосема е во ред, но тоа е веќе одлука на Собранието. Ви благодарам и на другите укажувања. Секако дека Државниот завод за ревизија работи врз основа на претходно усвоена годишна програма и ќе ги има предвид сите овие укажувања. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Реплика има госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателке.

Госпоѓо ревизор, нема да се согласам со вашите последни наводи дека извештајниот период се однесувал значи за период кога вашиот претходник бил предводник на Државниот завод за ревизија. И ќе спомнам зошто? Ако до нас доставувате документ на кој пишува годишен извештај за 2007 година, вие може добро да видите дека извештаите се правени од месец февруари до месец април. И тогаш вие бевте главен државен ревизор во Република Македонија. Значи, не ве амнестирам. Но, целта на мојата реплика е сосема друга. Во вашето образлагање чувме дека вие имате надлежност само да констатирате ситуации и состојби во поглед на буџетското работење и на централно и на локално ниво и на јавните претпријатија што не е точно. Вие извршувате ревизија согласно Закон за државна ревизија. Во член 24 стои цитирам: “доколку овластениот државен ревизор со вршењето на ревизија утврди дека постои основано сомнение дека е сторен прекршок, или кривично дело, веднаш ќе ги извести надлежните органи заради поведување на соодветна постапка”. Во членот 28 од пречистениот дел од Законот стои цитирам: “откога ќе го сторите тоа, откако ќе ги алармирате надлежните органи, тие се должни согласно членот 28 за превземените мерки да ве известат вас Државниот завод за ревизија во рок од 90 дена”.

И во мојата дискусија повторно ќе ви го поставам прашањето, ако во текот на април месец е завршена ревизијата на Буџетот на Република Македонија и во вашиот Извештај потпишан од овластен државен ревизор сте констатирале низа на такви неправилности и кршење на закони, сакам да ве прашам зошто согласно Законот за државна ревизија, не сте повеле постапки, односно дали во рок од 90 дена, веќе е зад нас, сте го примиле Извештајот од надлежните органи во врска со постапувањето, по вашите наоди. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За контра реплика е пријавена госпоѓа Тања Таневска, повелете.

**Тања Таневска:** Благодарам.

Во врска со временскиот период за кој се однесува Годишниот извештај мораме да расчистиме бидејќи очигледно не се разбираме. Извештајот се поднесува за работењето на Државниот завод за ревизија за 2007 година на финансиските извештаи на ревизираните институции во 2006 година. Значи ова вие што очекувате да биде објавено ќе биде во извештајот за работењето на Државниот завод за ревизија во 2008 година. Имплементацијата на оперативната програма на Државниот завод за ревизија за 2008 започнува од 1 март 2008 година.

Во врска со вашиот втор коментар јас само можам да констатирам дека е точно тоа што го прочитавте, членовите од законот, бидејќи ние навистина, и така постапуваме. Констатираме состојби, значи утврдуваме наоди, даваме препораки и ги доставуваме нашите извештаи до сите надлежни органи. Јавното обвинителство континуирано, редовно не известува за преземените мерки по нашите извештаи. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Да и заблагодарам на госпоѓата за дадениот коментар за кој временски период точно се однесува поднесениот извештај. Инаку, структурално ако погледнеме и согласно содржината имате сосема поинаков принцип на доставувањето на овој извештај.

Значи, прво имате годишна програма за работа за 2007 година, во вториот дел извештај за работата на Државниот завод за ревизија во 2007 година.

Ќе започнам со она што мислев да завршам. Ние говоревме и при разгледувањето на годишната сметка, Буџетот на Република Македонија и тогаш пред овластеното лице, министерот за финансии, господинот Трајко Славески, побаравме одговор токму на првото конкретно прашање. Колку средства беа потрошени од Буџетот на Република Македонија, согласно членот 12 од Законот за извршување на Буџетот за 2006 година кога им беше дозволено на министрите кои живеат во странство, а такви ги имаме тројца, да им се плаќаат и станарините и одржувањето на нивните имоти, бидејќи како што ни објаснуваше

господинот Славески, станува збор за вонредно висок патриотски чин, ги оставаат своите имоти во странство, па доаѓаат да и помогнат на Република Македонија. Таа одредба беше укината од страна на Уставниот суд, но до ден денес не добивме одговор, ниту во завршната сметка. Конечно сте пред нас госпоѓо ревизор, ќе умееме ли на граЃаните на Република Македонија да им објасниме дека Државниот завод за ревизија е државен орган со претпоставена независност, чија надлежност е следење на реалниот начин на трошење на буџетските средства, на сите нивоа. И тоа е мошне сериозна општествена улога.

Значи, за мене не е доволно да кажете дека сте констатирале значајни прекршувања во Законот за јавни набавки. Кои се тие. Време потрошивме говорејќи дека господинот Славески потроши, прво зборувавме за висина од 25 милиони евра, па потоа, застанавме, се договоривме дека станувагше збор за 14 милиони евра, кога го набави мазутот за ТЕЦ Неготино. Зошто тоа го нема во вашите извештаи. Без оглед за која година се работи. Знаете зошто? Бидејќи точно така ако од 1 март вие онаа пресретна година, кога ќе доставите во годишните извештаи, од тогаш јас сум должна, како избран претставник на граѓаните на Република Македонија да ве повикам мошне внимателно да го прочитате Извештајот од овластениот државен ревизор, господинот Бранислав Гулев, кој заедно со Билјана Ивановска и Бранка Жиевска, како самостојни ревизори го извршиле врз буџетското работење во Република Македонија. Страшни се наодите и ќе ви читам од ваш документ кој сте го доставиле до Собранието. Ние мораме да ги добиеме конечно тие одговори.

Значи, на страница 13, читам од вашиот Извештај каде што велите со ваш увид, ревизијата констатирала поради реализација на средства за капитални расходи, господинот Славески бидејќи не успеал да ја оствари законската одредба дека капиталните расходи во првите шест месеци од годината, мора да бидат остварени со најмалку 30%. Тоа не е направено. Тоа е драстично прекршување на Законот за буџети, па и на Законот за извршување на Буџетот за тековната година. 869 милиони денари капитални расходи, со ребалансот, господинот Славески ги пренесе на други буџетски корисници. И вие давате препорака, укажувате дека е прекршен законот. Ама, што со тоа. Значи, не станува збор за мали пари, станува збор за огромни пари. Понатаму велите вака: утврдено е користење на буџетски средства од тековни резерви по одлуки на Влада. Дозволете, ќе почнете ли да делувате согласно Законот, како орган кој сериозно ќе треба да си ја врши работата. Да го следи начинот на трошење на буџетските средства. 75 милиони денари се исплатени вели, на разни физички лица, здрауженија на граѓани, од ставка тековни резерви. Тековни резерви се издвојуваат и тоа вие го имате набележано, само за вонредни случаи, воени дејствија, или епидемии. Ама Трајко Славески нови 101 милион денари потрошил за фаворизирање според вашиот наод, на одредени корисници на средства од тековните резерви. Кажете ми како ќе постапувате по овие наоди потпишани од ваш овластен државен ревизор.

Понатаму велите дека 405 милиони денари, буџетски средства се искористени за извршување на судски решенија, кои сте ги изгубиле, бидејќи несоодветно биле донесени од страна на одговорни лица. Дури давате препорака кон Владата, да дефинирам, лично материјална одговорност и правила за личен надомест на средствата од лицата кои практицирајќи определено ниво на власт, при вршење на службена должност поради донесување на правно неиздржани одлуки, предизвикуваат штета, се користат огромни буџетски средства за плаќање на тие судски решенија. Ајде да почнеме сериозно да размислуваме. Станува збор за вонредни поголеми пари.

Инаку, со оглед на вашиот конечен извештај, исто, на господинот Гулев за Министерството за финансии, функции на држава, каде што тука единствено е одговорен господинот Славески, сте констатирале драстично прекршување на три закони: Законот за државна помош, Законот за буџетите и Законот за извршување на Буџетот. Ќе читам ваши наоди. Иако вели, Македонската радио телевизија е во незавидна ситуација, тоа не смее да биде причина за користење на средства од резервите, кои имаат други намени, согласно Законот за буџети. Цитирам ваш ревизорски извештај. Непочитување на Законот за буџетите, доведува до незаконско и ненаменско користење на буџетски средства. Имате и одговорно лице што сте презеле. Повикајте ги надлежните органи да постапуваат. Повторно ќе цитирам ваша одредба. Со одлуки на Влада на Република Македонија 101 милион денари и покрај вашите препораки, повторно спротивно на одредбите од Законот за буџети, средствата од тековната резерва се наменети за непродуктивно трошење. И повторно констатирате, ненаменско, незаконско користење на буџетски средства.

Впрочем, точка 11, точка 1, законско и наменско користење на средства една милијарда денари, констатирате вие, Државниот завод за ревизија незаконско трошење, фаворизирање на определени субјекти во врска со ова. Но ќе дозволите, барам објаснување лично од вас, зошто, сте дозволиле, конечно господинот Славески како министер за финансии, средствата да ги трансферира кон МЕПСО, во име на разни корисници, како што се Дојранско Езеро, МРТВ, како што се Јавното сообраќајно претпријатие итн. Имате ли објаснување зошто господинот Здравев ви е пропратна станица кон кого се трансферираат буџетските средства, па потоа тој ги распределува. Имам конкретен пример. На мое пратеничко прашање добив дури и фотокопија од инструментот со кој се трансферирани 80 милиони денари на име електрификација на индустриска зона Жабени, но не кон општина Битола, не кон Јавно претпријатие од општина

Битола, туку на сметка на акционерско друштво МЕПСО. До ден денес не се дојдени во Битола. Дозволете, имаме сериозен проблем. Вие имате сериозен проблем. Премногу кратко е времето да можам да ви цитирам огромен број ставки, потпишани од господинот Гулев, како наод на вонредно драстично прекршување на законски одредби, што значат според ваша терминологија ненаменско, незаконско трошење на буџетски средства. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За процедурална забелешка пријавен е господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам почитувана потпретседателке,

Иако ценев дека може процедуралното ќе требаше на крајот од расправата, дебатираме за значајна тема, тоа е Годишниот извештај на Државниот завод за ревизија за 2007 година.

Мислам дека заклучоците кои што се предложени од страна на главниот државен ревизор треба да бидат допрецизирани. Значи, во сите заклучоци после вториот, стои дека Собранието на Република Македонија и препорачува на Владата. Мислам дека Собранието треба да стои ја задолжува Владата на Република Македонија, бидејќи Собранието ја бира Владата на Република Македонија и Владата на Република Македонија одговара пред Собранието на Република Македонија.

Исто така сметам дека треба да стои уште еден заклучок, а тоа е во иднина по можност, Годишниот извештај на Државниот завод за ревизија да го гледаме заедно со Годишниот извештај за работа на Јавниот обвинител. Тука од страна на моите колеги беа изнесени сериозни забелешки, за кои што читаме и во медиумите дека има сериозна злоупотреба на државни пари, почнувајќи од Министерство за образование и наука, потоа во Електростопанство, во Министерството за здравсто, каде што пропадна тендерот. Сите тие извештаи повлекуваат сомнеж дека постои сериозно прекршување на законот. Затоа мислам дека треба да се додаде еден таков заклучок. И уште еден заклучок во кој што ќе се побара да се разгледа можноста што повеќе да се зголеми независноста на Државниот завод за ревизија, бидејќи сметаме дека ваквиот начин на кој што сега е поставен, остава простор за политички влијанија од страна на владеачките партии врз Државниот завод за ревизија. Мислам дека имаше една иницијатива Државниот завод за ревизија да влезе како уставна институција, категорија и мислам дека во таа насока треба да се даваат препораки, односно уште два нови заклучоци, со кои што ќе се подобри насоката во која што наредните годишни извештаи треба да се движат, бидејќи во спротивно вака само ги констатираме состојбите изнесени во Извештајот, а од друга страна немаме повратно дали Јавниот обвинител презел соодветни дејства согласно наодите во ревизорскиот извештај, посебно таму каде што е дадено негативно мислење во ревизорскиот извештај, кој што директно укажува дека постои кршење на законите во Република Македонија.

Затоа барам, доколку е можно заклучоците да се преформулираат во оној дел и ако е можно да се додадат два нови заклучоци. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавена госпоѓа Тања Таневска на говорот на госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Тања Таневска:** Само уште едно појаснување повторно. Значи, за концептот на Извештајот, се однесува на работењето за 2007, на работењето на Државниот завод за ревизија. Значи, тоа е вториот дел што го презентирав, а првиот дел се однесува на ревизорските извештаи кои се направени во текот на 2007, а се однесуваат на финансиските извештаи на субјектите во 2006 година.

Инаку, за Извештајот за кој коментиравте, е направен во периодот 2008 година, значи објавен е на нашата веб страница и доставен до надлежните субјекти. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Контра реплика госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Госпоѓо државен ревизор. Конечно ви го прочитав членот 28, согласно кој во рок од 90 дена, значи, веднаш требало да ги пријавите. Говорам за 2007 и моето прашање е многу децидно. Во април месец завршивте и најдовте незаконско трошење на средства. До јули месец, требаше веднаш да ги известите надлежните органи, кои до крајот на јули месец, после 90 дена, требаше да ве известат, што напрвиле. Значи, барам конкретно, иако тоа можеби е предмет кој ќе го разгледуваме следната година, да видиме сега после три месеци, што со овие забелешки кои ви ги кажав, дали сте добиле повратен одговор, бидејќи е законска одредба. Тоа е моето прашање.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика се јави госпоѓа Авировиќ Владанка, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам.

Мојата контра реплика ќе биде во делот каде што се задира во ингеренциите на Државниот завод за ревизија.

Прво, Државниот завод за ревизија е орган кој што констатира одредени состојби, според определените планови, кои што се зацртани, според годишната програма и според дополнителните програми во текот на годината. Има задача да ја утврди состојбата во пооделните министерства и онаму каде што има зацртано по програмата. Да утврди неправилности, да утврди и позитивни работи. Има за цел да ги извести сите институции кои што следуваат според програмата, по закон.

Понатаму, Државниот завод за ревизија нема други можности, алатки, по кој што ќе реагира за сите оние работи кои што вие ги наведувате.

Значи, понатаму ние треба да бараме одговорност од Обвинителството, од другите институции кои се бават после Државниот завод за ревизија. Убаво е Државниот завод за ревизија да има и други алатки, меѓутоа, според Законот, ги нема.

Прво, Државниот завод за ревизија од овој Извештај навистина покажува една невидена транспарентност, достојна за почит, со голема верба, му давам многу голема позитивна оценка на овој Извештај и прво и основно треба да се забележи дека ингеренциите на Државниот завод за ревизија не треба да се мешаат со ингеренциите на Обвинителството. Такви ингеренции Државниот завод за ревизија нема. За сите случаи за кои што е поведено контрола, постапка, таа ги известува навремено, какви ингеренции ќе преземе понатаму Обвинителството, навистина, Државниот завод за ревизија не може да се меша.

Втора работа, Владата донесе за прв пат во историјата формирање на еден ревизорски комитет и тоа е за поздравување. Значи, сите оние недоследности и незаконитости, кои што се случуваат и кои што ги тангираат сите граѓани, конечно да се увидат од страна на Владата.

Второ, дава една препорака која ние како Комисија за буџет, за волја на вистината на претходната седница ја констатиравме и побаравме од Владата да се произнесе по заклучокот на Државниот завод за ревизија. Затоа, сметам дека не треба да се напаѓа Државниот завод за ревизија за оние работи за кои што не е надлежен. Впрочем, за време на вашето владеење, да ве потсетам дека за 2005 година Државниот завод за ревизија констатира неправилности и незаконски работи на вашите министри за 110 милиони евра. Треба да прашате како во Обвинителството се спроведуваат сите овие заклучоци од Државниот завод за ревизија.

**Светлана Јакимовска:** Контра реплика, госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Госпоѓо Авировиќ, ако мојата дискусија вам ви личеше дека вршам притисок врз еден независен орган како што е Заводот за државна ревизија, ќе ви кажам четири примери.

Ванчо Каргов, директор на Царина, претседател на Управен одбор на Комунална хигиена.

Втор случај: Горан Трајковски, директор на Управа за јавни приходи, претседател на Управен одбор на Водовод и канализација.

Трет случај: Васе Донесвски, директор на СОЗР, претседател на Управен одбор - Улици и патишта, ама со четвртиот пример вашиот сопруг, новиот директор на Паркови и зеленило, очекувам еднаш конечно да замолчите, немате право да говорите за политички притисоци врз јавни претпријатија или начин на нивно владеење. Ве молам престанете.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Тања Таневска, повелете.

**Тања Таневска:** Навистина ми е драго што сте му обрнале внимание на Годишниот извештај и дека предизвикува огромен интерес.Меѓутоа, би сакала да замолам да се свати вистинската улога и мисија на ревизијата односно да не се меша со инспекцијата, бидејќи навистина има голема разлика. Она што го барате госпоѓо Бендевска фактички е задача и улога на инспекцијата која може да реагира веднаш, на лице место, кога ќе биде повикана. Ревизијата не само што работи согласно законот, како што беше кажано од госпоѓата Авировиќ, работи и согласно меѓународните стандарди кои не дозволуваат санкционирачки мерки. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавена госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Не барав од вас госпоѓо државен ревизор ни повеќе ни помалку од она што се вика закон. Закон за ваша надлежност. Ги прочитав двата члена кои велат: Кога ќе констатирате незаконско трошење на буџетски средства должни сте веднаш да ги известите надлежните органи. Надлежните органи во рок од 90 дена од вашата пријава должни сте да ве известат лично вас за преземените активности. Ова е многу сериозна надлежност. Вие сте чувар на начинот на трошење на јавните средства на сите нивоа. Централна власт, локално ниво, јавни претпријатија и на централно и на локално ниво. Огромен број средства. Што сакате вие да ми кажете дека законот ве овластува само да се прошетате, да ставите на хартија, да констатирате незаконска употреба на средства и со тоа завршува вашата ингеренција. Не е така. Не е така. Вие сте независен орган на Република Македонија со строго определена надлежност да вршите инспекција, контрола, сметководствено-материјално - финансиско работење и на единиците на локалната самоуправа и на јавните претпријатија, но и на државните органи, како што се министерствата, извршната власт во Република Македонија. Инаку, џабе сме го носеле законот, по ваше наоѓање господинот Славески кој сте го маркирале, согласно законот за одговорно лице, за начинот на кој се трошат буџетските средства во Република Македонија има право како сака да постапува, да троши незаконско средства на пример од тековните резерви и тоа да остане само на констатација. Не е така. Ве молам, прочитајте ги член 24, член 28 и постапувајте по нив. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика госпоѓа Тања Таневска, повелете.

**Тања Таневска:** Благодарам.

Само кратко сакам да потврдам дека навистина постапувае согласно закон и дека ги почитуваме и тие членови кои беа наведени, дури и во Годишниот извештај имате анализа колку повратни информации имаме добиено од институциите, тоа е 30% од сите ревидирани

институции. Значи, исклучиво се постапува по сите членови од Законот. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За процедурално е пријавен господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам потпретседателке.

Би сакал она што го побарав во претходната процедурална интервенција да ме известите како ќе постапиме по однос на заклучоците дадени во Годишниот извештај на Државниот завод за ревизија, за 2007 година.

Предложив два нови заклучоци, имаме еден заклучок плус од Владата на Република Македонија кој очигледно ќе го прифатиме.

Затоа мислам дека е добро да направиме напори доколку постои можност Годишниот извештај да го дополниме со нови заклучоци се со цел да овозможиме конечно Државниот завод за ревизија да добие поголема улога.

Ако една од забелешките спрема директорот на Државниот завод за ревизија е дека треба поактивно и наодите кои ги добива од извештаите да ги процесуира до државните надлежни институции, а директорката ни одговори дека тие имаат задача да констатираат и да известуваат значи очигледно дека имаме потреба како Собрание да направиме напор Државниот завод за ревизија полека да ја добие онаа улога која му следува во државата.

Значи, колку е можно повеќе да биде независен и да не се случува еве во извештајот за 2007 година ги гледаме извештаите од 2005, 2006 година што е пропуст на претходното Собрание.

Затоа ве молам, да ме известите, како планирате да постапите по однос на предлозите за заклучоците.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Значи годишниот извештај што ни е точка на дневен ред за извршени ревизии ние не можеме да го менуваме, тоа си е друга власт, извршна власт.

Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет е поделен пред да се одржи оваа седница, пред да се почне оваа точка. Комисијат ги има предложено овие пет заклучоци и доколку вие имате право, дадовте предлог, меѓутоа, не добивме ништо до сега написмено во форма на амандмани иако не може на овие точки да ставаме амандмани.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен.

Предлогот на заклучоците содржани во Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 70 пратеници, за заклучоците од Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет гласаа сите 70, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ги усвои предложените заклучоци.

**Минуваме на точка 27. - Предлог на Национална стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2009-2014 година.**

Националната стратегија, Извештајот на Комисијата за одбрана и безбедност и мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Националната стратегија, да се пријават за збор.

За збор се пријавени Никола Ќуркчиерв, Соња Мираковска и претседателот на Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата господин Никола Ангеловски.

Има збор господинот Никола Ангеловски, повелете.

**Никола Ангеловски:** Благодарам.

Почитувана потпретседателке, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата, почитувани дами и господа.

Собранието на Република Македонија соочувајќи се со порастот на незгодите во патниот сообраќај и последиците од нив во последните пет години го донесе Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и други релевантни законски акти.

Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата како орган на Собранието на Република Македонија изработи Национална стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата, како еден од поважните документи, согласно обврските кои произлегуваат од кандидатскиот статус за полноправно членство во Европската унија.

Советот формира Координативно тело кое заедно со експертите од оваа област поддржано од Министерство за внатрешни работи , Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Републичкиот завод за здравствена заштита, Јавното претпријатие “Македонија пат”, Агенцијата за патишта, Авто-мото сојузот на Македонија, невладини организации и други релевантни институции и организации ја изработи Националната стратегија.

Националната стратегија на Република Македонија за безбедност на сообраќајот на патиштата анализирајќи ги причините и условите за сообраќајните незгоди и применувајќи ја анализата т.е. силни страни, слаби страни, се потпираше на Законот за јавни патишта, Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата, Законот за возила во постапка, Националната здравствената програма, здравјето на населението во Република Македонија, како и

релевантни важечки европски регулативи и практики.

Националната стратегија, следејќи ги плановите и актитие на Европската унија, предвидува во Република Македонија да го намали бројот на жртви во сообраќајот со смртни последици за 50% и бројот на загинати деца жртви учесници во сообраќајот да изнесува нула.

Националната стратегија има мисија преку развојот и унапредувањето на безбедноста на сообраќајот на патиштата да помине во напорите на Република Македонија за нејзиното рамноправно и респектабилно учество во светските, а пред се во европските политички, економски интегративни процеси и да создаде услови за превенција на последиците за ефикасно користење на придобивките од глобализација на патна сообраќајна безбедност.

Мисијата на Националната стратегија ќе се оствари со помош на утврдена долгорочна ориентираност и ефикасни интервенции во следните стратешки области:

Патот и патна инфраструктура, техничка исправност на возилата, контрола и регулирање на патниот сообраќај, превентива и намалување на сообраќајните прекршоци, јакнење на свеста на граѓаните за потребата од сообраќајна едукација, намалување на сообраќајната деликвенција во патниот сообраќај, воведување на безбедносни и еко-технологии и континуирана едукација и професионален тренинг.

Националната стратегија има за цел да ги реши проблемите од овој сегмент и да гарантира дека визијата, идеите и вредностите што се предвидени со неа ќе бидат реализирани преку намалување на борјот на загинати и смалување до минимум на бројот на деца жртви во сообраќајот.

Националната стратегија е од суштинско значење за натамошните мерки и активности во трите столба пат - возило - возач и предвидува применливи алатки за унапредување на безбедноста на патиштата.

Посветеноста на Владата на Република Македонија за безбедноста во сообраќајот на патиштата е еден од многу високо поставените приоритети во државата и гарантира дека ќе бидат применети сите ефективни мерки предвидени со Националната стратегија со цел да се подобри безбедноста во сообраќајот на патиштата во Република Македонија.

За да се исполнат мерките дадени со Националната стратегија потребно е да се предвидат финансиски средства од Буџетот на Република Македонија односно од Буџетите на соодветните министерства како и од буџетите на единиците на локалната самоуправа.

Во рамките на своите надлежности Републичкиот совет и преку Националното координативно тело ќе врши мониторинг на реализација на стратегијата и ќе го следи и координира подготвувањето на годишните акциони планови, извештаи и ќе дава насоки за натамошно подобрување.

Советот со свои механизми ќе помага активности за нејзина реализација и еднаш годишно до Собранието на Република Македонија ќе доставува извештај за реализација на Националната стратегија.

Со овој проект очекуваме дека Националната стратегија ќе придонесе за поголема безбедност на сообраќајот на патиштата во Република Македонија за периодот 2009-2014 година. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на изготвувачите на документот,

Навистина не мислев многу да се јавам за дискусија, ниту да зборувам, меѓутоа кога го прочитав мислењето на Владата за овој документ, коа слушнав од предлагачот на ваквиот документ за високата посветеност на Владата за унапредување на безбедноста на Сообраќајот во Република Македонија, почувствував потреба да се јавам и да кажам неколку збора.

Имено, дозволете на самиот почеток да ви го прочитам мислењето на Владата, што вели дека Владата на Република Македонија во целост се согласува со текстот на предметниот материјал и нема суштински забелешки по истиот. Особено се поддржува главната цел на оваа Предлог национална стратегија и намалување на бројот на жртвите на сообраќајот на патиштата до 2014 година, за 50%. Впрочем, тоа се имплементира директивата на Европската комисија што го предвидува тоа и за која директива минатата година јас подолго говорев од оваа говорница. Меѓутоа, се разбира, немаше апсолутно никаков слух ниту од министерот за транспорт и вркси, ниту од министерот за финансии за подобрување на состојбата на патиштата во Република Македонија, особено ако се знае каква ни е состојбата со регионалните патишта во Република Македонија за локалните веќе да не зборуваме.

Сигнализацијата на регионалните патишта воопшто не постои. Додека пак ниту линија, додека за локалните велам, не треба да стане збор.

Почитувани колеги, Националната стратегија навистина е еден документ од посебен општествен интерес, особено заради тоа што по смртноста, проблем број 1 во светот се токму сообраќајните незгоди, каде што голем број на човечки животи се губат. Дури овој проблем, велам светски, е и предвојната, меѓутоа јас сакам малку да зборувам околу концептот на самиот документ.

Мислам дека можело со сосема поинаков капацитет да се влезе. Меѓутоа, ќе гласам за овој документ бидејќи навистина претставува почетен

материјал. Го сметам како отворен документ, иако е, велам, со висок државен интерес, заради тоа што човечкиот живот нема цена.

Уште еднаш сакам да ја поздравам намерата за донесување на еден ваков документ, меѓутоа апсолутно не се согласувам со констатациите односно мислењето на Владата, а се разбира тука пред се мислам на Министерството за транспорт и врски.

Најпрво, дозволете ми да кажам неколку забелешки во врска со овој документ, за што времето ќе покаже дали ќе може да биде имплементиран, односно да заживее во Република Македонија. Да видиме кои се мерки ќе произлезат за подобрување на безбедноста на сообраќајот кај нас.

Би сакал да укажам на некои елементи што се испуштени, а исто така да укажам и на некои, би рекол реални податоци што се вградени во овој документ, а според мене не би требале да бидат. Кои се моите забелешки.

Прво апсолутно нема ниту еден збор за работата на судовите што мислам еден ваков национален документ треба да има, заради тоа што не можеме ние да водиме повисока безбедносна сообраќајна политика во државата, а пред тоа да не помислиме колкав огромен број на предмети во овој момент се наоѓаат во судовите особено во делот, и неразрешени се разбира, во делот на прекршочната и кривичната одговорност. Значи, мислам дека тука треба да има збор и место за оваа работа.

Втората работа што ја сметам за нагативна во овој документ, апсолутно нема податоци за причините на сообраќајните незгоди, а ако нема причини знаете тешко ќе дојдеме до мерки, како ќе ги дефинираме тогаш.

Третата работа што ценам дека згодно да ја потенцирам е податоците со кои што предлагачот располага или ги користи. Сите знаеме дека во 2001, во 2002 година во Република Македонија имавме конфликтна ситуација во која што и да сакаше некој не ќе можеше да има точни податоци за сообраќајните незгоди кои се случуваа во тие две години , особено 2001 и 2002, заради тоа што во некои краишта  не можеше едноставнода се направи увид.

Меѓутоа, ако ја погледатетабелта 4 на сртаница 39 ќе видите дека се користат податоци токму од периодот 2001-2005, што сметам дека тоа не се ралевантни податоци.

Ако Министерството за транспорт и врски 2006, 2007, 2008 година нема податоци за сообраќајните незгоди во Република Македонија тогаш ние имаме сериозен проблем и тогаШ не можеме да зборуваме за една национална стратегија. Ако Министерството ги имало тие податоци тогаш требало да ги достави до изготвувачот и тогаш оваа национална стратегија ќе беше според мене со поинаков карактер, со поинаккве мерки и со поинакви податоци и во квалитетна и во квантитативна форма.

Почитувани колеги,

Јас исто така знам дека иако овој документ навидум  можеби прв пат се изработува, меѓутоа имајќи ја предвид состојбата на патиштата во Република Македонија, имајќи ја предвид сообраќајната културана учесниците во сообраќајот треба поголемо внимание да се посвети на еден ваков документ и при самото носење. На крајот  на краиштата еве заинтересираноста на нашите колеги, кој дури и денеска кога носиме еден ваков стратешки документ за државата , кој што од една страна добро е да биде донесен, од друга страна да ги намалиме сообраќајните незгоди во Република Македонија, а од друга страна да извршиме имплементирање на директивата МПД од 2007-2009 година односно 2008 -2010 година. Значи тоа е  уредба, директива на Европската комисија која што се надевам дека барем за момент при носење на еден ваков документ ќе направиме од наша страна се да умажем и на Министерството за транспорт и врски и на Министерство за финансии да се издвојат поголем број на финансиски средства за поттикнување пред се на свеста кај учесниците во сообраќајот, да ја подигнеме свеста кај граѓаните кои што на индиректен начин се учесници во сообраќајот и, се разбираона што е најважно, да не се случи да возите десетици километри а да не видите никакава сигнализација на патот, ниту хоризонтална, ниту вертикална.

Да не зборувам за тоа дека секоја година по неколку жртви ни се случуваат во главниот град на државата на железничките премни, кои што се рак рана на сообраќајот или транспортот во Република Македонија и се надевам дека со еден ваков документ ќе можеме сите ние како пратеници да придонесеме Владата во иднина да издвојува поголем број на финансиски средства, иако знаеме дека за овие две и пол години зад нас не беше расположена за такво нешто. Имавме многу прилики да видиме зошто Владата не е расположена за тоа. Доволно е да ги видиме коридорот 10, транспортниот правец Куманово-Гевгелија ќе видите дека и она фамозно движење на сообаќајот во 2006 односно 2007 година сега имаме поправка на мостовите од Гевгелија до Демир Капија која за среќа завршува овој месец.

Почитувани колеги. Уште еднаш да нагласам дека СДСМ, пратеничката група навистина ја поздравува намерата за донесување на еден ваков државен документ, ќе гласме за, меѓутоа уште една  замолница и укажување до Владата за да се преземат соодветни мерки за подобрување на состојбатана патиштата. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Владимир Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам госпоѓо потпретседателке.

Јас би се заблагодарил за конструктивната дискусија која што ја имаше пратеникот Ќуркчиев,

но би изнесол и мало несогласување со некои сегменти од неговото излагање. Значи сметам дека национална стратегија за безбедност во сообраќајот, значи 33 страни солидно е подготвена. Оваа стратегија ја разгледувавме пред две недели на Седница на Комисијата за одбрана и безбедност, беше солидно празентирана и изложена од предлагачот, беше еднодушно подржана и мерките кои што во неа се предлагаат и чекорите се добри. Имаме добра констатација на постојните состојби во моментов во врска со патниот сообраќај во Република Македонија. И исто така имаме и една констатација која што евидентна на која што сите треба да бидеме свесни а тоа е дека во 2007 година во Република Македонија имаме зголемување на продажба на автомобилите за 12 % во однос на претходната. Значи во 2007 година во однос на 2006 година имаме 12% повеќе продадени возила. Значи зголемен обем на сообраќај и следствено на тоа и повеќе незгоди со кои што не треба да се помириме, но кои што треба да ги констатираме. Имаме загрижувачки трендови на околу 190 загинати во Република Македонија така што треба да имаме вклученост и на училиштата и на учесниците во сообраќајот и на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата кои што овие неколку години солидно работи. Минатата година видовме една добра публикација која што ни беше поделена на нас пратениците така што би ги охрабриле во тоа и би апелирале да продолжат таму каде што работат, а со носењето на оваа национална стратегија се надевма дека ќе добиеме алатка и документ кој што ќе може конкретно да ги подобри состојбите во овој дел во Република Македонија. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас. Контра реплика господинот Ќуркчиев Никола, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодрарам почитуван колега.

Јас ги кажав моите забелшки во однос на националната стратегија. Укажав на некои моменти кои што воопшто не се спомнати во нејзе и мислам дека и предлагачот ќе се согласи дека на страна 33 во табела 4 пишува дека загинати лица во населени места и надвор од населени места податоците се од 2001-2005 година. Нема податоци да се воспостави истражувачки проектво 2009 година. Ние сме сега 2008 година, што ќе правиме до тогаш. Значи и предлагачот вели дека мора да се направи нов проект каде што ќе се земат точни податоци.

Меѓутоа има нова табела, која што е од Министерство за внатрешни работи, гледате дека е празна. Инаку, ако користиме податоци од 2001 до 2005 година, сите знаеме штом во проценти зборуваме, 60% имавме редуциран сообраќај во тие две години. Тоа значи дека дополнително се зголемуваат податоците како неточни.

Во таа насока ние ја поздравуваме намерата за донесување на еден ваков документ, меѓутоа се разбира цениме дека некои работи треба да бидат направени. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Соња Мираковска, повелете.

**Соња Мираковска:** Почитувана потпретседателке, почитувани колеги

Како пратеник на НСДП сакам да го подржам носењето на еден вака значаен и стратешки документ како што е национална стратегија за безбедност на сообарќајот кој за прв пат се носи во Република Македонија.

Сметам дека е исклучително важно во Република Македонија да се донесе ед на ваква стратегија која има навистина хумана цел, намалување на бројот на жртвите во сообраќајните незгоди за 50% и анулирање на загинати деца во сообраќајните незгоди. Но, морам да ги изразам своето сомневање дека вака концепирана националната стратегија ќе може добро да биде имплементирана. Не нуди еден обврзан систем кој навистина ќе ни гарантира дека ги имаме сите механизми кои се неопходни за да може имплементацијата на оваа стратегија да биде доволно ефикасна. Да бидеме сигурни дека навистина носиме еден документ кој ќе биде во овој период имплементиран.

Ќе тргнам од анализата која во делот кој се однесува на заканите вели: “ недостиг на финансиски извори за имплементација на неопходните мерки, недостиг на соработка помеѓу различни нивоа на административни на владино, но и на државно и локално ниво. Ниска желба за соработка помеѓу различни актери вклучени во работата на безбедбоста на сообраќајот”.

Во делот на слабите страни кои се констатирани во анализата “недоволно ниво на соработка при преземање на мекри од различни владини и невладини субјекти, како и дедостиг на аналитички информации за причините и последиците од сообарќајните незгоди, слабо ниво на примена на законот”.

Сите овие закони и слабости укажуваат на тоа дека оваа национална стратегија навистина мора многу сериозно да ја вклучи Владата.

Во главата 6 која се однесува на координација на сите активности воопшто не ја спомнува Владата кога станува збор за координација на активностите на државни ниво, имајќи во предвид дека оваа национална стратегија треба да имплементира пред се 5 министерства, сметам дека клучен фактор во имплементирање на оваа стратегија треба да биде Владата со конктретни од ова Собранието.

Притоа мислам дека водечко министерство и треба да се потенцира во оваа стратегија е Министерството за транспорт и врски, ќе се надоврзам на мојата дикусија по повод Законот за возила Министерството за транспорт и врски се амнестираше од носење на еден така важен закон. Ова е нешто кое што е продолжеток практично во борбата против сообраќајниот хаос кој владее во Република Македонија после

законот за возила. Сметам дека Министерството за транспорт и врски овде треба да биде клучен актер. Мислам дека без голема подршка од Владата Републичкиот совет за безбедност на сообраќај нема да може доволно добро о доволно ефикасно да ја имплементира оваа национална стратегија.

Во предговорот што е даден на оваа национална стратегија дадена е личната определба на министерот за внатрешни работи за подршка на овва национална стратегија и личната определба на министерот за транспорт и врски што мислам дека не е доволен. Треба во делот на мерките координации и активностите многу јасно оваа национална стратегија да ја задолжи Владата во обезбедување на средства и имплементирање практично на ова стратегија и дури тогаш мораме да бидме сигурни и навистина по прв пат донесената стратегија во Република Македонија ќе можеме да очекуваме навистина реално да биде имплементирана. Јас ќе ја подржам се разбира оваа стратегија затоа што сметам е исклучително важно еден ваков документ да произлезе од Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавен господин Лазарев Јован, повелете.

**Јован Лазарев**: Благодарам потпретседателке.

Дозволете јас во вид на реплика да го искажам и своето мислење за оваа стратегија.

Прво околу критиките дека можело да се направи подобар текст на оваа стратегија. Јас сметам дека одредени критики држат, меѓутоа секогаш ние треба да се трудиме и од добар текст да сметаме дека можеме да направиме уште подобар и тоа веројатно во следната фаза, следната стратегија ќе биде тој случај бидејќи сега ова е прв пат да се прави една ваква стратегија.

Јас сметам дека стратегијата прикажува една реална состојба, значи прави една анализа на состојбата која што доста реално е прикажана, а во неа се содржани доста добри предлог мерки кои што треба да се прават за да се подобри безбедноста во сообраќајот, а особено во оној дел каде што сакаме да имаме нула смртност на децата учесници во сообраќајот.

Јас ценам дека три фактори се значајни за безбедноста во сообраќајот и тоа патот и патната инфраструктура, техничката исправност на возилата и учесниците во сообраќајот.

Околу патот и патната инфрасткутура основно е да имаме и да градиме добри патишта, а со програмата на Владата во изминативе две години, па и со програмата за 2008 година и програмата која се надевам ќе стигне за 2009 годин. значи предвидена е изградба на добра дел од патната инфраструктура во Република Македонија и како таква патна инфраструктура ние сме земја со една од подобрите инфраструктури на Балканот во споредба со околните земји Србија, Бугарија и Албанија, но секогаш мора да градиме повеќе и повеќе за да имаме навистина добра инфраструктура. Еден од клучните патишта е патот Миладиновци-Св. Николе кој треба да се гради во наредниот период.

Јас би рекол уште нешто околу учесниците во сообраќајот. 98 лица загинале поради надминување на дозволената брзина на возење. Јас ценам дека казните кои што се спроведуваат сега не се мерка со која што ќе го надминеме овој проблем. Подобро е да се поставуваат радари кои ќе му сигнализираат на возачот да ја намали брзината по сопствена сугестија.

Еве, бидејќи времето истекува јас сметам дека имаме една добра стратегија со добри предлог мерки и како такви јас ќе ги подржам и ќе гласам за истата. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Бидејќи е исцпрена листата за пријавени за збор констатирам претресот е завршен.

На Собранието му предалгам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот на националната стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата од 2009-2014 година;

2. Овој заклучок заедно со Извештајот на Комисијата за одбрана и безбедност, мислењето на Владата и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието да се достави до Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, за заклучокот гласаа сите 64, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Колеги пратеници овде ја прекинувам седницата. За продолжение на истата дополнително ќе бидете известени.

(Седницата беше прекината во 16,25 часот)